Во текот на 2026 година од регистарот на вложувања во недвижности на резиденти во странство и на нерезиденти во Република Северна Македонија се очекува да бидат извршени 1.100 уписи (1.001 упис во 2025 година), односно пораст од 4,0 % за регистрација на вложување, пораст за 26,6 % за регистрација на промена, додека, пак, во делот на услуги за бришење од регистарот се очекува пораст од 31,6 %.




## 1.2.8. РЕГИСТАР НА ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Во согласност со Законот за девизно работење, Централниот регистар на Република Северна Македонија го води регистарот на директни инвестиции на резиденти во странство и на нерезиденти во Република Северна Македонија.

| | Регистрација на вложување | Регистрација на промена | Бришење од регистарот | Други неспоменати услуги | Актуелна состојба на инвестицијата | Историјат на инвестицијата | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цена | 1.504,00 ден. | 1.503,00 ден. | 1.503,00 ден. | 201,00 ден. | 504,00 ден. | 505,00 ден. | |
| 2025 | 311 | 444 | 65 | 53 | 169 | 23 | 1.065 |
| 2026 | 400 | 500 | 100 | 100 | 200 | 30 | 1.330 |
| % на пораст | ▲28,6 % | ▲12,6 % | ▲53,8 % | ▲88,7 % | ▲18,3 % | ▲30,4 % | ▲24,9 % |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2026/2025 | | | | | | | |

Во текот на 2026 година од регистарот на директни инвестиции се очекува да бидат извршени вкупно 1.330 услуги, што претставува зголемување од 24,9 % во однос на 2025 година. Кај сите услуги што се достапни преку овој регистар е предвидена стапка на пораст и тоа:

- регистрација на вложување со пораст од 28,6 %
- регистрација на промена со пораст од 12,6 %
- бришење од регистарот со пораст од 53,8 %
- други неспоменати услуги со пораст од 88,7 %
- актуелна состојба на инвестицијата со пораст од 18,3 % и
- историјат на инвестиција со пораст од 30,4 %.





ISO 9001 ISO 14001 ISO 45001 ISO 27001

## 1.2.9. РЕГИСТАР НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА НА КОИ ИМЕ Е ИЗРЕЧЕНА САНКЦИЈА ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ И ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ОДДЕЛНА ДЕЈНОСТ И РЕГИСТАР НА КАЗНИ ЗА СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА НА ПРАВНИ ЛИЦА

| | Потврда дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија,дејност или должност | Потврда дека не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност | Потврда дека не е впишана главна парична казна | Забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон | Забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно - приватно партнерство | Забрана за основање на нови правни лица | Забрана за вршење професија, дејност, должност | Одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон | Привремена забрана за вршење на одделна дејност | Трајна забрана за вршење на одделна дејност | Престанок на правното лице | Други неспомнати услуги | Изработени предмети | Информација за кривична судска одлука | Забрана за користење на субвенции и други поволни кредити | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цена | 358.00 ден. | 358.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | 357.00 ден. | |
| 2025 | 17752 | 6697 | 7 | 349 | 3423 | 1 | 4283 | 304 | 7828 | 3872 | 1 | 319 | 191 | 3363 | 1 | 48390 |
| 2026 | 18000 | 7000 | 5 | 600 | 4000 | 0 | 5000 | 150 | 9000 | 4000 | 5 | 500 | 100 | 3000 | 0 | 51360 |
| % на раст 2026/2025 | ▲1.4% | ▲4.5% | ▼28.6% | ▲71.9% | ▲16.9% | ▼100.0% | ▲16.7% | ▼50.7% | ▲15.0% | ▲3.3% | ▲400.0% | ▲56.7% | ▼47.6% | ▼10.8% | ▼100.0% | ▲6.1% |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Централниот регистар на Република Северна Македонија издава и потврди и информации од регистарот на физички и на правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност и од регистарот на казни за сторени кривични дела на правни лица, воспоставени со Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2008 и 17/2011).

Регистарот на физички и на правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност е јавна книга, која претставува единствена електронска база на податоци, која содржи податоци од евиденцијата на прекршочните санкции на првостепените судови за физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност пропишани со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/06, 69/06, У. бр. 21/09, 157/09 и 51/11).

Во текот на 2026 година, според процените, од регистарот на казни и на санкции се очекува да бидат издадени 51.360 услуги.

Кај услугите од регистарот на казни и на санкции се предвидени следниве проекции:

- потврда дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност со пораст од 1,4 %
- потврда дека не е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност – ПЛ со пораст од 4,5 %
- потврда дека не е впишана главна парична казна, со пад од 28,6 %
- забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон, се предвидува пораст од 71,9 %
- забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство со пораст од 16,9 %

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- забрана за основање нови правни лица со пад од 100 %
- забрана за вршење професија, дејност и должност со пораст од 16,7 %
- одземање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон со пад од 50,7 %
- привремена забрана за вршење одделна дејност со пораст од 15,0 %
- трајна забрана за вршење одделна дејност со пораст од 3,3 %
- другi неспоменати услуги (информација за кривична судска одлука) со пораст од 56,9 % и
- изработени предмети со пад од 47,6 %
- информација за кривична судска одлука со пад од 10,8 %
- забрана за користење субвенции и други поволни кредити со пад од 0 %.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Регистар на физички и на правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност и регистар на казни за сторени кривични дела на правни лица



ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

## 1.2.10. РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖНИЦИ

Регистарот на задолжници врз основа на евидентираните податоци дава можност за издавање четири вида информации и тоа:

- информација за субјект во својство на должник и на доверител – сите евидентирани активни задолжници;
- информација за субјект во својство на должник и на доверител – сите задолжници за кои се евидентирани податоци во период: од ______________ до ______________;
- информација за субјект во својство на должник – сите евидентирани активни задолжници;
- информација за субјект во својство на должник – сите задолжници за кои се евидентирани податоци во период: од ______________ до ______________.

Во текот на 2024 година од регистарот на задолжници немаше извршено упис на задолжница. Во 2025 година се планира да се реализираат 5 уписи на задолжници. Доколку се случи да има упис на задолжница во 2025 година, приходот што би се остварил по таа основа би бил незначителен за работењето на Централниот регистар.

## 1.2.11. РЕГИСТАР НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ

Со изгласување на новите измени на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, на 27 јануари 2021 година во употреба се пушти регистарот на вистински сопственици.

Воспоставувањето на регистарот на вистински сопственици има цел евидентирање и обезбедување точни и ажурни податоци за вистинските сопственици на правните субјекти заради обезбедување висок степен на транспарентност на сопственичката структура. Во регистарот се внесуваат податоци за сите постојни субјекти иницијално, како и за сите настанати промени во сопственичката структура на субјектите.

Регистарот не само што претставува централизирана база на податоци заради обезбедување сигурност во правниот и во финансискиот промет, туку и основна алатка за спроведување соодветна анализа и неопходна контрола над правните субјекти во борбата против перењето пари и финансирањето тероризам од страна на Управата за финансиско разузнавање и другите надлежни органи.

За точноста, адекватноста и ажурноста на податоците внесени во регистарот се одговорни овластените лица на правните субјекти, а уписот се спроведува единствено електронски, преку интернет, при што подносителите се идентификуваат и пријавите се потпишуваат со електронски потпис. Овластените лица уписот може да го спроведуваат самостојно или, пак, да овластат друго лице да поднесе пријава во нивно име.

Покрај уписот во регистарот на вистински сопственици, во Централен регистар се достапни и информации од регистарот на вистински сопственици:

- тековна состојба за ТД-ДПЛ со преглед за вистински сопственици/тековна состојба на сопственост по ТД-ДПЛ;
- тековна состојба за конкретно физичко лице со преглед на субјекти каде што е евидентирано како вистински сопственик/тековна состојба на сопственоста по лице;
- историјат на вистинските сопственици/сопственоста за конкретно ТД-ДПЛ/историјат за промените на сопственоста по ТД-ДПЛ;
- историјат за конкретно физичко лице со преглед на субјекти каде сѐ било евидентирано како вистински сопственик/историјат на промени на состојбата по лице.

Во горенаведниот закон се утврдени субјектите што се изземени од обврската за внесување, при што нивните вистински сопственици се дефинирани во него, а податоците за вистинските сопственици за овие субјекти при издавање информации

се издаваат во согласност со претходно запишаните податоци во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, како и од регистарот на буџетски корисници.

За задоцнето внесување е предвидена скалеста тарифа со цел да се поттикне навремено пријавување на податоците во рокот во кој уписот е без надомест во согласност со Тарифата. Во регистарот на вистински сопственици иницијалниот упис на податоци за 2026 година се очекува да има ист пораст со бројот на новоосновани субјекти во трговски регистар и регистар на други правни лица поради тоа што најголем дел од новоосnованите субјекти подлежат на законската обврска за упис на вистинскиот сопственик.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

| | Иницијален упис на податоци | Промена на податоци | Исправка на иницијално запишани податоци | Исправка на податоци | Тековна состојба физичко лице – целосна | Тековна состојба физичко лице – вистински сопственик јавна употреба | Тековна состојба правно лице – целосна | Тековна состојба правно лице – јавна употреба | Историјат за физичко лице – целосна | Историјат за физичко лице – јавна | Историјат за правно лице – целосна | Историјат за правно лице – јавна | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цена | | | | | 300,00 | 300,00 | 299,00 | 299,00 | 800,00 | 800,00 | 600,00 | 600,00 | |
| 2025 | 6.722 | 3.537 | 55 | 37 | 64 | 717 | 5.035 | 49.668 | 315 | 280 | 93 | 689 | 67.212 |
| 2026 | 7.000 | 4.000 | 100 | 50 | 100 | 600 | 5.500 | 50.000 | 350 | 300 | 150 | 700 | 68.850 |
| % на пораст 2025/2024 | ▲4,1 % | ▲13,1 % | ▲81,8 % | ▲35,1 % | ▲56,3 % | ▼16.3% | ▲9,2 % | ▲0,7 % | ▲11,1 % | ▲7,1 % | ▲61,3 % | ▲1,6 % | ▲2,4 % |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Во табелата е прикажана очекуваната динамика за планираните уписи и бројот на издадени информации од регистарот на вистински сопственици за 2026 година.




## 2. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА НА СЕКТОРОТ ЗА ВОДЕЊЕ РЕГИСТРИ

### 2.1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЕДИНСТВЕН РЕГИСТАР НА СМЕТКИ

Како еден од приоритетните проекти планирани за 2026 година, Централниот регистар ќе почне со воспоставување на **единствениот регистар на сметки.** Воспоставувањето на единствениот регистар на сметки е уредено со Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 90/22, 64/24, 37/25 и 144/25).

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Единствениот регистар на сметки (во натамошниот текст: ЕРС) е национален, централизиран и електронски систем на информации и податоци за денарските и за девизните платежни, депозитни или други сметки, вклучувајќи ги и платните инструменти поврзани со нив, за издадените сефови, како и за идентитетот на сопствениците на сметките и на сефовите, на вистинските сопственици, на законските застапници и/или лицата што се овластени за работење со нив.

Во согласност со законот, ЕРС се воспоставува и одржува од страна на Централен регистар на Република Северна Македонија заради ефикасно извршување платежни трансакции, отворање платежни сметки со основни функции, следење на неактивните сметки, спроведување на платните налози за присилна наплата, спроведување на активностите за спречување перење пари и финансирање тероризам и извршување статистички и супервизорски задачи, како и добивање пристап до информациите и податоците до ЕРС заради непречено и непрекинато извршување на активностите на надлежните органи во рамките на нивните надлежности утврдени со закон.

**Очекувани влијанија**: Единствениот регистар на сметки претставува значаен чекор во дигиталната трансформација на Централниот регистар и ќе придонесе кон изградба на модерен, ефикасен и транспарентен систем во служба на државата, деловниот сектор и на граѓаните. Неговото воспоставување ќе создаде основа за развој на нови електронски услуги, подобрување на квалитетот на постојните процеси и унапредување на општата институционална ефикасност. Овој регистар ќе функционира како единствена точка за проверка на податоци за сметки, што ќе го намали административниот товар за деловните субјекти и институциите, ќе овозможи побрзо донесување одлуки и ќе го подобри квалитетот на податоците што се користат во многубројни административни, надзорни и финансиски процеси.

Преку примена на концептот на интероперабилност и автоматизација, регистарот ќе овозможи:

- континуирано и автоматско ажурирање на податоците од банките и од финансиските институции;
- сигурен пристап за државните органи во согласност со нивните законски надлежности;
- поедноставена проверка на финансиските информации од страна на деловната заедница;
- повисоко ниво на транспарентност и можност за следење на финансиските текови.

Имплементацијата на регистарот ќе ги поддржи националните цели за дигитализација, намалување на парафискалните пречки, подобрување на деловната клима и засилување на правната држава преку поефикасно спречување злоупотреби, измами и перење пари.

Со овој проект Централниот регистар дополнително ќе ја консолидира својата улога како носечка институција во управувањето јавна евиденција и ќе воспостави систем што ќе обезбеди високи стандарди на безбедност, доверливост и на оперативна ефикасност.

**Приоритет и сложеност**: висок приоритет и висока сложеност

**Извори на средства**: сопствени ресурси

**Надлежност:** СВР, ОПРМ, СИТ и надлежни раководители на ОЕ

**Временска рамка**: декември 2026 година

## 2.2. НАДГРАДБА НА ЕДНОШАЛТЕРСКИОТ СИСТЕМ

Во рамките на проектот „Надградба на едношалтерскиот систем (ЕШС)“, за периодот на имплементација е предвидено развивање и воведување повеќе функционалности, чијашто цел е целосно дигитализирање, поедноставување и усогласување на

податоците во процесите на регистрација и водење на регистарската евиденција во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Овие активности претставуваат значаен чекор во унапредувањето на интероперабилноста на институциите и обезбедување повисок степен на правна сигурност за корисниците и државните институции.

- **Електронска нарачка и собирање документи од други институции преку системот за е-регистрација**

Во рамките на надградбата се предвидува овозможување автоматизирана електронска размена на документи, кои се неопходни во постапките за регистрација и ликвидација.

Првично, ова ќе опфати:

- уверение за состојба за платени даноци и придонеси издадено од Управата за јавни приходи;
- документот ќе се обезбедува по службена должност, без потреба од интервенција на корисникот, преку сигурна и директна размена на податоци меѓу системите на ЦРРСМ и на УЈП. На овој начин сериозно се намалува административниот товар, времетраењето на постапката и ризикот од доставување застарени или погрешни документи.

- **Поврзување со централниот регистар на население (ЦРН)**

Во соработка со Министерството за дигитална трансформација, предвидено е поврзување и усогласување на податоците за физичките лица со **централниот регистар на население (ЦРН)**.

Анализите покажуваат дека постојат одредени разлики во матичните податоци (име, презиме, адреса, ЕМБГ) евидентирани во двата система, што создава ризик од:

- издавање различни информации за исто лице;
- правни недоследности во процесите на регистрација;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- отежната идентификација и проблеми при водењето службени евиденции.

Поврзувањето со ЦРН ќе овозможи:

- автоматска верификација на податоците;
- усогласување и ажурирање на личните податоци;
- елиминирање на грешките што се јавуваат поради рачна или застарена евиденција.

- **Упис и размена на даночен идентификациски број за странци – нерезиденти**
  Надградбата на ЕШС вклучува иницијатива за евидентирање на **даночниот идентификациски број (ДИБ)** кај странските лица – нерезиденти, кои се појавуваат како основачи, управители или членови на органи во правните субјекти.

Целта е да се обезбеди:

- прецизна и единствена идентификација на странските лица;
- непречена комуникација и размена на податоци со УЈП;
- правилно водење на деловните субјекти во кои учествуваат нерезиденти.

Оваа функционалност значајно ќе го намали бројот на административни интервенции и ќе спречи недоследности при идентификација.

- **Упис и обработка на податокот за пол/род за статистички цели**
  Во насока на унапредување на статистичките и аналитичките капацитети на институцијата, предвидено е иницирање на системско собирање и обработка на податокот за **пол/род** на физичките лица.

Податокот ќе се користи само за:

- изработување статистички анализи;
- следење родова структура во претприемаштвото;
- политика за родова рамноправност;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- креирање национални и меѓународни извештаи.

Обработката ќе биде целосно усогласена со законската рамка за заштита на личните податоци.

<u>Очекувани резултати:</u>

**Осигурување точност и верификација на податоците**

- автоматска проверка на личните податоци со ЦРН;
- намалување на грешките при регистрација;
- единствена и конзистентна евиденција за секое физичко лице.

**Прецизна идентификација на странци – нерезиденти**

- евидентирање на нивниот даночен идентификациски број;
- подобра координација со УЈП;
- појасни и посигурни податоци за правните субјекти со учесници нерезиденти.

**Подобар статистички капацитет**

- собирање и обработка на податоци за пол/род;
- поточни аналитички и структурни извештаи;
- поддршка на јавна политика со основа во податоци.

**Зголемена интероперабилност на институциите**

- автоматски проток на податоци меѓу ЦР, УЈП, ЦРН и другите институции;
- намалување на рачните интервенции;
- стандардизирани, сигурни и ефикасни интеграциски сервиси.

**Подобрен пристап до услуги за корисниците**

- побрза постапка за регистрација и за ликвидација;
- немање потреба од физичко доставување документи;
- намален број административни обврски.

**Намалување на трошоците**

- рационализација на процесите;
- намалени директни и индиректни трошоци за институциите и за бизнисот
- повисока ефикасност на услугите.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Приоритет и сложеност:** висок приоритет и висока сложеност

**Извори на средства**: сопствени ресурси

**Надлежност:** СВР, ОПРМ и надлежни раководители на ОЕ

**Временска рамка:** во текот на 2026 година.

## 2.3. ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОФТВЕРСКО РЕШЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ И ПОРАМНУВАЊА ЗА НЕПОДНЕСЕНИ ГОДИШНИ СМЕТКИ

Во рамките на проектот е предвидена целосна дигитализација и автоматизација на процесите поврзани со водењето прекршочни постапки и постапки за порамнување кај правните субјекти што не ја исполниле својата законска обврска за поднесување годишна сметка до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Ова вклучува развој, имплементација и пуштање во употреба на ново интегрирано софтверско решение наменето за потребите на одделението за годишни сметки во постапката на порамнување (изработување и доставување прекршочен платен налог) и за потребите на комисијата за одлучување по прекршок при регистарот на годишни сметки.

**Што опфаќа активноста:**

- воспоставување софтверска платформа за водење на сите фази од прекршочната постапка и постапката за порамнување;
- автоматизирано генерирање:
    - списоци на субјекти, кои не поднеле годишни сметки;
    - покани за порамнување;
    - записници, решенија и други службени документи;
    - платни налози за изречена глоба.

- интеграција со системот на **е-архива** за автоматско доделување и евидентирање архивски броеви;
- обезбедување системско следење на уплатите од платни налози и решенија преку функционалност за автоматско поврзување уплати со конкретни постапки;
- можност за управување предмети од страна на комисијата, со преглед на статус, историја и придружна документација;
- обезбедување пристап за:
    - **внатрешни корисници** (службеници, членови на комисијата, административен персонал);
    - **надворешни корисници** (правни субјекти, овластени поднесувачи и други субјекти вклучени во постапката).

**Очекувани влијанија и придобивки:**

- значително намалување на времето за обработка на предметите и за водење на прекршочната постапка;
- стандардизирање на документите и намалување на можноста за грешки;
- подобрување на транспарентноста и на правната сигурност преку јасно следење на секоја фаза од прекршочната постапка;
- континуирана и централизирана евиденција на сите активности и документи поврзани со прекршочните постапки;
- подобрена ефикасност на комисијата за одлучување по прекршок и на целиот процес на наплата на глоби;
- обезбедување кориснички ориентиран пристап за правните субјекти преку можност за увид во нивните предмети и статусот на постапките.

**Приоритет и сложеност**: среден приоритет и ниска сложеност

**Извори на средства**: сопствени ресурси

**Надлежност**: СВР, ОПРМ и надлежни раководители на ОЕ

**Временска рамка**: декември 2026 година

## 2.4. ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ НА ОБЕЗБЕДЕНИ ПОБАРУВАЊА (ЗАЛОГ, ЛИЗИНГ, ФИДУЦИЈА И ПРОДАЖБА)

Замената на постојните апликативни решенија на заложниот регистар, регистарот на лизинг, фидуцијарниот регистар и регистарот на продажба со задржување на правото на сопственост со нови, современи веб-решенија претставува стратешка активност со чијашто реализација се очекува да се почне во 2026 година.

Имено, постојните регистри се засновани на технологија за персонален компјутер развиена во 1999 година, со последни поголеми модификации до 2010 – 2017 година. Овие системи се технолошки застарени, без поддршка од производителот, технички тешки за одржување и носат висок ризик за губење податоци и инциденти.

Целта на проектот за обезбедување ново интегрирано апликативно решение е генерално надминување и решавање на тековните технолошки и организациски предизвици:

- застарена платформа без поддршка;
- рачно управување на обемната документација;
- ограничена можност за интеграции и автоматизирана размена на податоци;
- зголемен ризик од човечки грешки и
- недостиг од електронски услуги со современо корисничко искуство.

Со цел надминување на овој недостиг неопходно е преземање на следниве чекори:

- интегрирање на регистрите под единствен технички и организациски систем;
- усогласување на процесните аспекти на законската рамка;
- воведување модерен, дигитален, сигурен и централизирани механизам за евиденција и контрола на обезбедени трансакции.

**Очекувани влијанија и придобивки:** воспоставувањето ново апликативно решение се очекува да обезбеди, покрај оптимална организација, и подобрено корисничко искуство:

- распределување човечки ресурси врз основа на реални потреби, место на технички ограничувања;
- намалување на административниот товар со елиминирање мануелна работа;
- подобрување на управувањето ризици, особено во делот на човечки грешки и интегритет на податоците;
- стандардизирани процедури;
- поедноставени процеси;
- повисока правна сигурност;
- брз, сигурен и финансиски подостапен пристап до услуги за сите категории корисници;
- стандардизирана практика кај професионалните корисници (нотари, адвокати, компании за лизинг);
- зголемена правна сигурност преку задолжителни вкрстени проверки (на пример, товар на возила);
- можност за автоматско алармирање за преземање определени акции (на пример, бришење или известување за истечени залози).

**Приоритет и сложеност:** висок приоритет и висока сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** СВР, СИТ и надлежни раководители на ОЕ

**Временска рамка:** тековно, 2026 година

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

## 2.5. НАДГРАДБА НА СИСТЕМОТ НА РЕГИСТАРОТ НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ (ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ НА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ)

Воспоставувањето на регистарот на вистински сопственици претставува клучна системска алатка во националната архитектура за спречување перење пари и финансирање тероризам. Основната цел на овој регистар е да обезбеди **транспарентност во сопственичките структури на правните субјекти**, со што се намалува можноста за злоупотреба на корпоративните форми за прикривање на идентитетот на физичките лица што реално управуваат, контролираат или извлекуваат корист од конкретни правни субјекти.

Имено, регистарот е воспоставен како информациски систем што овозможува прием, евидентирање, обработка, чување и размена на податоци и/или документи за вистински сопственици во електронска форма, при што обврската за обезбедување точни и ажурни податоци и податоци што се достапни навремено до надлежните органи е основното темелно начело врз кое се гради самиот регистар.

Со пренесување на најновите AML директиви за спречување перење пари (петтата и шестата за AML на ЕУ за спречување перење пари) во македонското законодавство, како и за целосно исполнување на начелото за обезбедување точни и ажурни податоци и во согласност со препораките на FATF, MONEYVAL, Националната процена на ризици (НРА) и европските имплементациски документи неопходно е да се воспостави систем за верификација на податоците во регистарот

Самиот развој на решението подразбира истовремено организациска и технолошка надградба, при што заради комплементарност на процесите планирано е да се одвиваат паралелно., односно неопходно е да се спроведе соодветно организациско преструктуирање, обучување, односно ангажирање соодветен профил на вработени,

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

кои ќе имаат соодветно стручно познавање од областа на спречување перење пари и финансирање тероризам и определени AML стандарди за спречување перење пари.

**Очекувани влијанија и придобивки:** Се очекува надградениот систем да го засили капацитетот на државата во процесот на идентификување ризични сопственички структури и со тоа да придонесе за поуспешно следење на сложените финансиски операции и да го спречи прикривањето нелегални извори на средства.

Додадената вредност на надградбата ќе се одрази преку обезбедување точни и ажурни податоци на вистинските сопственици на правните субјекти што, во крајна линија, ќе може да се користи како соодветен инструмент од страна на државниот апарат во борбата против спречувањето перење пари, нелегалните финансиски текови и финансирањето тероризам, но истовремено и како инструмент за притисок од страна на јавниот граѓански сектор во контрола на државните институции за правилно извршување на сопствените обврски:

- воспоставување поефикасен систем, односно пристап до ефикасна алатка во борбата против перењето пари и финансирањето тероризам од страна на субјектите со законски овластувања (УФР, органите на прогон, судовите, извршителите, надзорните тела);
- поефикасна борба против финансиски злоупотреби, намалување на системските ризици и подобра правна сигурност за граѓаните и за институциите.

**Приоритет и сложеност:** висок приоритет и висока сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** СВР, СИТ, ОПР, УФР, МФ

**Временска рамка:** тековно, 2026 година

## 2.6. СТРАТЕШКА ИНИЦИЈАТИВА – ПРОЕКТ: РЕГИСТАР НА ЛИЦЕНЦИ И НА ДОЗВОЛИ

Централниот регистар како централна информативна база на правно соодветни податоци за правните и за физичките лица претставува почетна точка за почнување на животниот циклус на правниот субјект, односно за негово препознавање како посебен ентитет со правен субјективитет, со можност за воспоставување обврски и остварување права во правниот и платниот промет во државата и во меѓународниот промет.

Покрај процесот на регистрација, правото да се извршува определена функција, односно дејност во согласност со законски пропишаните услови често е условено со обезбедување определена дозвола/одобрение/лиценца или друг тип документ, кој ги регулира овластувањето и начинот на работа на субјектот, условено од проценката на неговата компетентност и исполнување на законски пропишаните услови за извршување на конкретната дејност, процес на проверка и оценување, кој е во надлежност на друга државна институција или друг орган како комора, комисија и слично.

Комплексноста на самиот процес на обезбедување на овие регулативни документи, регулиран со различни законски прописи и други подзаконски акти во надлежност на различни институции, како и недостигот од транспарентност и достапност на информациите до пошироката јавност, ја наметна потребата од креирање на оваа стратешка иницијатива, односно воспоставување централизиран систем за нивна евиденција.

Имено, целта е регистарот на лиценци и на дозволи да се воспостави како централна точка на евиденција на издадените дозволи/одобренија/лиценци, како и опис на предусловите и на постапката што претходи за нивно обезбедување, односно би содржел информација за издавачот (надлежна институција или друг орган), условите,

времетраењето, како и какви било промени поврзани со животниот циклус на самите документи (промени на важност, продолжување, престанок и слично), но првично решението ќе претставува само евиденција на веќе издадени лиценци/дозволи/одобренија или друг тип регулативни документи.

Како подносители, односно субјекти што би ги запишале податоците во наведениот регистар се очекува да бидат сите државни институции и друг орган што издава ваков тип регулативни документи.

Првичното решение што се планира да се разработува во текот на 2026 година и кое, пред сѐ, би опфатило активности на анализа на правната регулатива и комуникација до органите што ги издаваат овие регулативни документи, континуирано ќе се надградува со податоци за опис на постапката во рамки на која се обезбедуваат, при што како трета фаза би се разработило решение со кое внесените податоци би можеле да се користат од страна на самиот Централен регистар при спроведување определени постапки (упис на основање, промена, бришење, одобрување годишна сметка, ревизорски извештај и слично), каде што конкретниот регулативен документ може да преставува услов за спроведување на уписот, а дополнително податоците од овој регистар може да станат составен дел на тековните информации што Централниот регистар веќе ги издава, и како такви да послужат за остварување права во законски предвидени постапки водени од други органи на државната и на локалната власт, а, исто така, и остварување определени права и обврски во меѓународниот промет.

**Очекувани влијанија и придобивки:**

За крајните корисници се очекува регистарот да овозможи:

- брзо пребарување и пристап до информации за спроведување на потребните постапки за обезбедување на регулативните документи и на условите за нивно користење;

- пристап до дигитални документи со можност за нивна употреба во други постапки;
- значително скратено време за спроведување административни постапки и обезбедување на потребната документација.

**Приоритет и сложеност:** висок приоритет и висока сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност**: СВР, СИТ, ОПР

**Временска рамка:** тековно, 2026 година

# 3. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 3.1. УНАПРЕДУВАЊЕ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА РЕГУЛАТИВА

### 3.1.1. АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА РЕГУЛАТИВА

Целта е насочена кон развој и модернизација на внатрешните акти, политика, директиви и процедури со цел да се обезбеди јасна, усогласена и функционална регулативна рамка што ќе овозможи подобра организациска структура, поефикасни процеси и повисок степен на отчет. Целта на активноста е обезбедување ефикасно, транспарентно и усогласено работење на Централен регистар во согласност со законските и стандардни барања. Активноста е насочена кон развој и модернизација на внатрешните акти, политика, директиви и процедури со цел да се подобри нивната усогласеност, применливост и ефективност. Активноста ги опфаќа сите постојни внатрешни акти и процедури, нивна анализа, ревизија и приспособување во

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

согласност со важечката регулатива и со добрата практика. Ќе се изврши идентификација на документи што се застарени, недоволно прецизни или нецелосни, како и изработка на нова политика и директиви кога е потребно. Очекуваниот резултат е создавање конзистентен, јасен и лесно применлив систем на внатрешни правила што ќе обезбедат подобра организациска усогласеност и поефикасни работни процеси.

Потребата од унапредување и усогласување на внатрешната регулатива произлегува од континуираните законски измени, воведувањето нови технолошки решенија, зголемените барања за транспарентност и стандардизација, како и растечките очекувања на корисниците. Оваа цел опфаќа дигитализирање на постојните регулативни документи, развој и донесување нови документи во унифицирана и модернизирана форма, како и воведување систем за автоматизирана ревизија со цел навремено ажурирање и континуирана усогласеност. Непостојната или неусогласена документација може да доведе до различни интерпретации, оперативни неправилности и намалена ефикасност. Со унапредувањето на регулативата се обезбедува стабилна основа за квалитетно работење и доследно исполнување на институционалните цели.

**Очекувано влијание:**

- зголемена усогласеност со законската рамка, стратегиите и со стандардите;
- елиминирање недоследности во документите што може да предизвикаат грешки или ризици;
- подобрена организациска ефикасност преку јасни, структурирани и современи интерни правила;
- зголемена транспарентност и отчет во процесите и донесувањето одлуки;
- намалување на правните и оперативни ризици преку редовна ревизија и ажурирање;
- поголема предвидливост на процесите и унапредување на интерниот контролен систем;
- подобрена поддршка за вработените, кои добиваат појасни упатства и процедури.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Приоритет:** висок приоритет, висока сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОПРМ како координатор, во соработка со сите организациски единици во ЦР

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 3.2. Одржување интегриран менаџмент систем ИСО 9001, ИСО 27001, ИСО 14001 и ИСО 45001

### 3.2.1. АКТИВНОСТИ ЗА КВАЛИТЕТ ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДОТ ИСО 9001:

- следење на реализацијата на целите во согласност со прегледот и реализацијата на целите на ЦР;
- унапредување на внатрешниот систем составен од точно определени процеси;
- редовно вршење интерни проверки според планот за интерни проверки во ОЕ во ЦР;
- Справување со неусогласеностите со стандардите преку покревање на корективни мерки и мерки за континуирано подобрување согласност со планот за корективни мерки и мерки за континуирано подобрување;
- унапредување на Документ менаџмент системот, имплементација систем за управување со документи и процеси (DMS/BPM);
- следење на реализацијата на мерките за континуирано подобрување и на корективните мерки;
- годишно преиспитување на врвното раководство на Централен регистар;
- надворешна проверка на системот за квалитет на Централен регистар во согласност со барањата на стандардот ИСО 9001;
- подобрување на организацијата преку систем за самоевалуација;
- други активности за одржување на интегрираниот менаџментсистем.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Очекувани влијанија:** одржување ефикасен систем за управување квалитет (QMS), подобрување на квалитетот на производите и на услугите, поголема контрола на процесите, зголемување на задоволството на крајните корисници, елиминирање на неусогласеноста преку корективни и превентивни мерки, транспарентност и јасно дефинирани улоги и одговорности, континуирано подобрување, поголема доверба и сигурност кај крајните корисници, исполнување на законските обврски и барања од стандардот, градење подобар углед на институцијата.

**Приоритет:** висок приоритет, висока сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОПРМ како координатор, во соработка со сите организациски единици во ЦР

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

### 3.2.2. АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДОТ ИСО 14001:

- идентификација и следење на законските регулативи – Законот за животна средина и Законот за управување отпад;
- идентификација и вреднување на аспектите на животната средина;
- управување на аспектите што се идентификувани како значајни за ЦР (електронски отпад, хартија, батерии);
- ревизија на енергетската ефикасност на канцеларии и опрема;
- зелена ИТ-инфраструктура во институцијата – имплементација енергетски ефикасна опрема, развој на виртуелизација и решенија со облак за оптимално искористување на ресурсите на серверите;
- водење единствен регистар на институцијата за селектирана хартија и електронски отпад;
- промовирање дигитализација и процеси без хартија;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- континуирано подобрување на процесите за заштита на животната средина;
- континуирано подигнување на свеста кај вработените за важноста на животната средина и нејзините аспекти преку споделување информации и кратки обуки на вработените преку алатките за интерна комуникација во институцијата;
- реализирање на потребните набавки во врска со стандардот поддршка на активности за заштита на животната средина како општествено одговорна институција (селектирање отпад, отстранување стара хартија, отстранување електронски и електричен отпад и сл.);
- подобрување на управувањето отпад (намалување и селектирање) во согласност со законските обврски и барањата на стандардот;
- учество во постапката за отстранување електронски отпад и хартија;
- дефинирани цели од аспект на животната средина, нивно следење и реализација;
- подигање на еколошката свест кај вработените и обуки за зелена ИТ-практика;
- изработка и измена на регулативните документите во институцијата во согласност со стандардот;
- други активности за одржување на системот за заштита на животната средина;
- воведување зелена практика (штедење енергија, користење еколошки материјали);
- внатрешна и надворешна проверка и следење на системот;
- сертификат на системот за заштита на животната средина во согласност со меѓународниот ИСО-стандард.

**Очекувани влијанија:** одржување ефикасен систем за управување на животната средина (ЕМС), поголема контрола и намалување на негативните влијанија врз околината. Управување на потрошувачката на енергија, ресурси и отпад, спречување и намалување на можните ризици, усогласување со законските обврски и барањата од стандардот, намалување на оперативните расходи преку постигнување оптимум на ресурсите, континуирано подобрување, општествена одговорност, градење подобар углед на институцијата.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Приоритет:** висок приоритет, висока сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

### 3.2.3. АКТИВНОСТИ ЗА ЗДРАВЈЕ И ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДОТ ИСО 45001

- заштита и безбедност на вработените во координација со стручно лице за безбедност и заштита на работа;
- подобрување на условите за работа по организациски единици на ЦР – градежни зафати, реновирање и модернизација на канцелариските простории, набавка на канцелариски мебел, подобрување на ергономијата, климатизацијата, осветлувањето и сл;
- координација при исполнување на обврските на ангажираната куќа за водење активности поврзани со безбедност и здравје при работа;
- заштита и безбедност на вработените (обука на вработени за БЗР, мерење на микроклиматските услови, проверки на електричната инсталација – заземјување, проверки на осветленост, бучава и проветреност);
- изработка и коригирање на документите во институцијата и надвор од неа во согласност со стандардот (додавање член за заштита и безбедност при работа);
- идентификација и следење на законските и на подзаконските прописи;
- одржување за заштита од пожари, состојба со опремата и средствата за заштита од пожари, процена на состојбата на подготвеност за соочување со пожари и други кризни ситуации. Изработка на план за заштита и спасување по канцеларии;
- обуки на вработените за превенција од ризици и итни состојби;
- спроведување на вежбите за примена на планот за спасување, организирање обука, реализација на обука и здобивање со сертификат за помината обука на вработените за ракување и употреба на дефибрилатор;
- процена на ризик за секое работно место, преземање мерки преку стратегија за третман на ризик со цел намалување на ризикот по работно место;

- се анализираат и преземаат мерки за континуирано подобрување на процесите;
- дефинирани цели од аспект на заштита и безбедност на вработените во согласност со ИСО 45001;
- спроведување на потребните набавки во врска со стандардот во согласност со извештајот од направените внатрешни и надворешни проверки на институцијата;
- обука на секој нов вработен за безбедност и здравје при работа;
- анализа на повреди кај вработени;
- изработка на мапи за евакуација со соодветни елементи потребни за евакуација во случај на катастрофа, како и обележување на зоните за пристап и движење во деловните простории;
- реализирани мерења на отпор на заштитно заземјување во РРК и изработени извештаи од мерењата;
- извештај за опасностите и за штетноста по работно место на ниво на ЦР;
- мерење на микроклиматските услови;
- мониторинг и анализа на “NEAR MISS” опасности и штетност на работното место;
- други активности што се потребни за одржување на системот за заштита и за безбедност на вработените;
- програми за здравје и благосостојба;
- редовни здравствени прегледи за сите вработени;
- внатрешна и надворешна проверка и следење на системот;
- реализација на услуги од областа на безбедност и здравје при работа, услуги за поддршка – стручно лице за здравје и безбедност при работа во согласност со позитивните законски прописи, изработка на процена по ризик по работни места и изработка на концепт на изјава за безбедност и здравје при работа за Централа, РРК и РК, обука на вработени поврзана со аспектите на безбедност и здравје при работа, вршење мерења на одредени параметри во работната средина;
- сертификат на воспоставениот систем за заштита и безбедност на вработените во согласност со меѓународниот стандард ИСО 45001.

**Очекувани влијанија:** одржување ефикасен систем за управување безбедност и здравје при работа (БЗР). Подобрување на заштитата на вработените и намалување

на ризикот од несреќи, спречување повреди, идентификација, процена, контрола и отстранување на ризиците, создавање побезбедни услови за работа, зголемување на свесноста на вработените преку редовни обуки, континуирано подобрување, усогласување со законските барања и барањата од стандардот, зголемување на довербата кај крајните корисници и градење подобар имиџ на институцијата.

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** СЛЗБР, ОПРМ, како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 3.3. БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ЦР

Имајќи ја предвид основната дејност на ЦР, неопходно е континуирано унапредување на системот за безбедност на информации во сите сегменти и процеси од работењето на ЦР. Дефинирање на опсегот и на начинот на функционирање на системот за безбедност на информации на сите нивоа во ЦР. Усвојување изработена регулатива и изработка на регулативна документација во согласност со потребите. Редовно контролирање и преземање мерки за континуирано подобрување на системот. Со оглед на дејноста што ја извршува ЦР, неминовно е усогласување на системот со меѓународниот стандард ИСО 27001 и негово континуирано следење и унапредување.

ЦРРСМ претставува централна информативна база на државата. Ги опслужува граѓаните и институциите со единствена веродостојна верзија на информации за деловните субјекти. За да се обезбеди сигурен систем на податоци/информации треба континуирано да инвестира во технологија и во информатичката инфраструктура за одржување на податоците со кои располага, а резултатот на ваквото инвестирање е намалување на степенот на ризик од грешки при работењето, можности за испади на информацискиот систем и целосен или делумен прекин на услугите, а со тоа се осигурува континуитет во работењето. Пред сѐ, мора да се

обезбедат точни, навремени и веродостојни информации и да се води сметка прекинот на сервисите да биде сведен на минимум обезбедувајќи нивна целосна достапност во согласност со усвоената стратегија за третман на ризици на ЦРРСМ и политиката за управување на деловниот континуитет и заздравување од катастрофи во Централниот регистар.

**Очекувани влијанија:** зголемување на безбедносната култура, намалување на ризиците преку почитување на усвоената политика и регулатива, задолжителни обуки за вработените и контрола на процесите, поддршка на плановите за заздравување при катастрофи, усогласување со законските барања, зголемена доверба кај заинтересираните страни, намален ризик од кибернетички напади, поголема достапност, интегритет и доверливост на податоците.

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОПРМ како координатор, во соработка со сите организациски единици во ЦР

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

### 3.3.1. ОДРЖУВАЊЕ СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ СПОРЕД БАРАЊАТА НА ИСО 27001:2022

Приоритетна задача е одржување на воспоставениот систем на безбедност на информации, негова редовна проверка и континуирано подобрување во согласност со барањата на ИСО 27001:2022.

Активности:

- унапредување на состојбата во сите сегменти и процеси од работењето на ЦР од аспект на безбедност на информациите;
- координација во работењето со сите ОЕ заради исполнување на барањата на стандардот;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- дефинирање оперативни процедури за засилување на системот за безбедност на информациите;
- засилување на информатичката инфраструктура и задоволување на потребите на информацискиот систем;
- усогласување со прописите за заштита на личните податоци и на класификуваните информации;
- физичка безбедност поврзана со обележување безбедносни зони;
- исполнување на барањата на стандардот во соработка со секторот за информатичка технологија;
- заштита на податоците во сопственост на ЦР;
- подигнување на свеста кај вработените;
- одржување систем за безбедност на информации, следење и континуирано подобрување во согласност со барањата на ИСО 27001:2022;
- обезбедување контролни мерки за безбедност на информациите;
- обезбедување технички мерки за безбедност на информациите;
- обезбедување организациски мерки за безбедност на информациите;
- обезбедување физички мерки за безбедност на информациите;
- преземање мерки за намалување на ризиците во согласност со планот – стратегија за третман на ризиците во согласност со нивното значење;
- внатрешна и надворешна проверка и следење на системот за безбедност на информации според ИСО 27001:2022;
- редовно пенетрациско тестирање и откривање слабости на информацискиот систем;
- целосно имплементирање на изработената студија за континуитет на работењето Business Continuity – план за вонредни состојби, како и IT DRC лан за заздравување од катастрофи;
- спроведување и оцена на ризик на сите средства што го сочинуваат системот за безбедност на информациите;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- изработка на план за процена на ризик;
- изработка на стратегија и план за соочување со ризик;
- регулирање на процесите за управување испораки и промени;
- следење на годишните цели за СУБИ – Систем за управување безбедност на информации и нивниот степен на реализација;
- проверка на системот за управување безбедност на информации во согласност со ИСО 27001. Сертификат за меѓународен стандард ИСО 27001 во рамките на просторната распространетост на Централен регистар, во сите негови канцеларии на територија на Република Северна Македонија.

**Очекувани влијанија:** одржување ефикасен систем за управување на безбедноста на информациите, намалување на ризикот од кибернетички напади и инциденти, заштита на податоците, исполнување законски барања, почитување и спроведување воспоставени безбедносни процедури, подобрување на интерните процеси, поорганизирано и побезбедно функционирање на институцијата, намалување на трошоците, одржување стабилен и одржлив безбедносен систем.

**Приоритет:** висок приоритет, висока сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР

**Временска рамка:** декември 2026 година

### 3.3.2. БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЛОВНИТЕ ИНФОРМАЦИИ НА ЦР

Целосна примена на донесената внатрешна регулатива за управување на деловните информации во Централен регистар поврзана со деловните процеси во Централен регистар.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Активности:

- степенување на деловните информации од страна на ОЕ во ЦР;
- примена на Директивата за управување деловни информации во ЦР и
- редовно ажурирање и примена на усвоената матрица на деловни информации.

**Очекувани влијанија:** почитување на воспоставените правила со донесената интерна регулатива и обезбедување доверливост, достапност и интегритет на информацијата во текот на сите фази и форми на нивна обработка (хартија, компјутер, мобилни медиуми за пренос и чување податоци, електронска пошта итн.) и истовремено спречување да дојде до модификување, уништување или неовластено користење на информацијата на кој било начин од трети лица.

**Приоритет:** висок приоритет, средна сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** КД, ОПРМ и одделни ОЕ

**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

### 3.3.3. КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ВО ЦР ДОБИЕНИ ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ

Класифицирање на документацијата во ЦР и примена на соодветни технички и организациски мерки во согласност со законот за класифицирани информации и усвоената регулатива во Централен регистар.

Активности:

- примена на физичко обезбедување и примена на технички и други средства за обезбедување објекти и простории во кои се чуваат класифицираните

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

информации (во согласност со Директивата за работа со класифицирани информации добиени од државни органи);

- определување на степенот на класификација и обележување на класифицираната информација;
- евиденција на лица со безбедносен сертификат за класифицирани информации информации во ЦР од страна на Дирекцијата за класифицирани информации во Република Северна Македонија;
- издавање и обнова на сертификати за лица што ќе работат со класифицирани;
- годишен план за работа со класифицирани информации;
- квартален извештај за состојбите со класифицираните информации;
- ревидирање на процената за можно нарушување на безбедноста на класифицирани информации;
- ревидирање на планот за физичка безбедност на класифицираните информации во Централен регистар;
- примена на Законот за безбедност на класифицираните информации;
- спроведување интерна обука за заштита на класифицираните информации за вработените што работат и имаат допир со класифицираните информации.

**Очекувани влијанија:** примена на донесена усвоена интерна регулатива во согласност со законот и почитување на дефинираните правила за начин и за постапување со класифицирани податоци во поглед на условите, критериумите, мерките и активностите што се преземаат за нивна административна, физичка и информатичка безбедност, безбедност на лицата корисници на класифицирани информации и ракување со нив (при прием, евиденција, распоредување, пренос и уништување) со цел спречување незаконит, неовластен пристап, злоупотреба и компромитирање на информациите на кој било начин.

**Приоритет:** висок приоритет, ниска сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** офицер за безбедност и заштита на класифицирани информации, во координација со ОПРМ и надлежни ОЕ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

## 3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ЦР

Во 2026 година се планира унапредување на спроведувањето на обврските што произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци, како и од подзаконските акти.

Активности:

- изработка на годишен план за заштита на личните податоци и координација на активностите за заштита на личните податоци;
- преземање на потребните активности, задачи и одговорности од страна на лицето назначено за офицер за заштита на личните податоци;
- приспособување кон законските барања во согласност со Законот за заштита на личните податоци, како и на подзаконските акти;
- проверки на системот за заштита на личните податоци;
- отстранување повреди на Законот за заштита на личните податоци во координација со Агенцијата за заштита на личните податоци;
- изработка на нова регулатива за заштита на личните податоци и нејзина континуирана примена;
- анализа на степенот на усогласеност на Централен регистар во согласност со законските барања и обврски;
- посета на обуки за заштита на личните податоци, запознавање со новините на новиот Закон за заштита на личните податоци;
- координација и соработка со АЗЛП;
- процена на влијанието на приватноста и заштита на личните податоци;
- Ризик анализа на збирките на лични податоци во Централен регистар;

- воспоставување начин за увид и издавање списи/извадоци од регистарска влошка заради контролата на личните податоци содржани во нив (регулирање на електронскиот и на хартиениот начин);
- потпишување изјава/договор за да нема злоупотреба на личните податоци од страна на вработените во ЦР;
- овластување од страна на лицата што ќе работат со збирките на лични податоци.

**Очекувани влијанија:** поголема сигурност и доверба кај заинтересираните страни за податоците, намалување на ризикот од злоупотреба, подобар имиџ на институцијата, усогласеност со законските барања, демонстрирање транспарентност и интегритет на податоците, зголемување на дигиталната безбедност преку модерни алатки како енкрипција, двофакторска автентикација, контрола на пристап, поттикнување на технолошкиот развој, поголема свесност кај вработените.

**Приоритет:** висок приоритет, средна сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** офицер за заштита на лични податоци, ОПРМ и надлежни ОЕ

**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

## 3.4. СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОВИ, ЦЕЛИ, ПРОЕКТИ

Континуирано следење и реализација на планови, цели и проекти, преку конкретни мерливи показатели на активностите дефинирани во плановите, целите и проектите во ЦР. Редовно следење на планот за работа преку мерливи показатели и информирање за степенот на реализација, на квартално ниво, за вкупната реализација на активности. Следење на степенот на реализација на годишните и на стратешкитецели преку утврдени активности и мерливи критериуми

Континуирано следење на портфолиото на проекти што се предмет на анализа во новата четиригодишна развојна стратегија на Централен регистар 2026 – 2030 година, проекти со различна големина, степен на сложеност, но и ефекти по крајните корисници, во согласност со утврдена методологија за нивно рангирање по степен на сложеност и по приоритет. При што приоритетот е определен врз основа на две групи критериуми и тоа: ефект на проектот врз околината и ефект на проектот врз Централниот регистар. Проектите што како највисок приоритет се детално обработени со соодветни акциски планови и буџет и претставуваат основа за следниот четиригодишен развоен циклус, но и основа за изработка и усвојување на годишниот план за работа на Централен регистар за 2026 година. За секој проект посебно се изработува анализа на ризик, степен на сложеност на проектот и степен на влијание на проектот врз личните податоци. Проектното портфолио, односно механизмот за следење на имплементацијата , се следи оперативно преку годишни акциски планови и извештаи за реализација, клучни индикатори – мерливи параметри. Операционализација на овие активности е еден од клучните приоритети, кои треба да се постават во поглед на функционирањето на стратешкото управување. Процесот на следење, планирање, организирање на активностите со проектното портфолио се регулирани во интерни документи.

**Очекувани влијанија:** следење во континуитет на активностите и реализација на плановите, целите и на проектите со цел успешно планирање на наредните активности, утврдување степен на реализација и преземање конкретни мерки за натамошна реализација.

**Приоритет:** висок приоритет, средна сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОПРМ

**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

## 3.5. УПРАВУВАЊЕ РИЗИЦИ ВО ЦР

Во насока на реализација на целите на ЦР и подигнување на свеста за важноста на ризиците треба да се направи целосна анализа за управување ризици, регистар на ризици и да се донесе акциски план со кој ќе бидат дефинирани програмите, активностите, потребните ресурси и финансиските средства за нивна реализација, како и очекуваните резултати. Редовно следење и изработка на анализа на трендот на ризици. Годишната анализа на ризик се изработува во согласност со интерен документ – методологија за управување ризици. Анализата се изработува врз основа на обезбедени податоци од организациските единици, ризици од тековниот работен процес и опкружувањето, се анализира нивото на значајност, како и можните и реалните последици од утврдените ризици. За утврдените ризици со реални последици се изработува стратегија за третман, односно се подготвува акциски план за реализација со што би се отстранил или значително намалил утврдениот ризик.

**Очекувани влијанија:** ажурирање на матрицата на ризици, намалување на штетните влијанија по институцијата преку утврдени ризици, донесување план за управување на ризиците на ниво на институција, сопственици на ризик, процена и оцена на ризик (идентификација, анализа, верификација), анализа на трендот на ризици, постапување со ризици, следење, мерење, надзор и континуирано подобрување на процесот на управување на ризиците, донесување одлуки на менаџментот во корист на институцијата.

**Приоритет:** среден приоритет, средна сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОПРМ и надлежни раководители на ОЕ

**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

## 3.6. ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕРНА КОМУНИКАЦИЈА

Системот за интерна комуникација ги уредува внатрешните комуникациски процеси и е механизам за споделување и проток на информации што се од суштинска важност за вработените и институцијата. Ефикасното функционирање на системот и на процесот на внатрешна комуникација ќе обезбеди воспоставување механизми за добивање на сите информации преку формални канали, а со тоа ќе се придонесе за

засилување на свеста на вработените за тоа што се случува во институцијата и за нивната улога во остварувањето на стратешките цели.

**Очекувани влијанија:** Целта на активностите за интерна комуникација е засилување на довербата на вработените во процесите на институцијата и во раководството и да ја подобри ефикасноста на работните процеси врз основа на навременото и точно информирање на вработените. Подобрување на деловното работење во ЦР и зголемено задоволство кај вработените и крајните корисници на ЦР. Преку подобрување на техничките можности и преземање мерки за достапност на информациите до сите канцеларии ќе обезбеди точност, квалитет, брзина во информираноста на секој вработен. Развивање интерна комуникациска стратегија со дефинирани канали, фреквенција и одговорност. Воведување дигитални алатки за внатрешна соработка, информативни билтени, организирање дружење и работа за зацврстување на тимот, форуми и културни настани, активности за тимска култура и интерна комуникација, истражувања за задоволство и организациска клима, промоција на вредности како транспарентност, тимска работа и одговорност.

**Приоритет:** среден

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** КД, ОПРМ со надлежни ОЕ

**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

## 3.7. АНАЛИТИЧКА ОБРАБОТКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА УСЛУГИТЕ И ФИНАНСИСКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ НА ЦР

Овие задачи имаат цел да се изработат извештаи со аналитички пристап за физичкиот обем на услугите и за финансиските показатели во ЦР за да се добијат показатели за остварување на планот, да се следи состојбата со финансиските показатели и издадените услуги, како и да се предвидат идните проекции. Врз основа на добиените показатели и информации од аналитичката обработка на СВР и податоци и информации добиени од одделните ОЕ, ОПРМ изработува план за работа на ЦР за

наредната година, СЕПР финансиски план, како излезни документи објавени на веб-страницата на институцијата.

**Очекувани влијанија:** воспоставување и одржување софтверско решение и задоволување на барањата за изработување извештаи во поглед на најразлични критериуми, а, пред сè, намалување на потребното време и човечки ресурси за изработка на извештаите.

**Приоритет:** висок приоритет, ниска сложеност

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОПРМ, СЕПР, СВР во соработка со ОЕ

**Временска рамка:** во текот на 2026 година

# 4. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МАРКЕТИНГ И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ЗА 2026 ГОДИНА

## 4.1. КОРПОРАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ

Следејќи ги начелата на политиката за комуникација на Централен регистар, која претставува генерален документ, како и Стратегијата за надворешна комуникации и односи со јавноста, во согласност со одговорностите и овластувањата, и во 2026 година одделението континуирано ќе одржува високо ниво на корпоративни комуникации, односно комуникација со целните групи и крајните корисници на услугите на Централен регистар.

Во текот на 2026 година ќе се зголеми нивото на комуникација со идентификуваните клучни целни групи поради тоа што се планирани промотивни информативни состаноци и информации поврзани со повеќе нови услуги почнати претходната година. Одделението ќе продолжи да ги користи сите соодветни канали за комуникација за да се овозможи пренос на неопходните информации до клучните целни групи, пренос на јасни пораки до целниот аудиториум и продолжува со

информирање на сите корисници во врска со новостите и активностите на институцијата.

**Очекувани влијанија**: одржување на транспарентноста на институцијата на ниво, навремено информирање, давање соодветни насоки и обуки на заинтересираните страни

**Приоритет:** среден

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Фискални импликации:** превоз и организација со цел состанување со целните групи корисници

**Надлежност:** ОМОЈ, кабинет на директорот, одделение за општи работи и комуникација со РРК и РК

**Временска рамка:** тековно во 2026 година

## 4.2. ОДРЖУВАЊЕ СОДРЖИНИ ОБЈАВЕНИ НА ВЕБ-ПОРТАЛОТ НА ЦР/ОДРЖУВАЊЕ НАCMS -CONTENT MANAGER SYSTEM СОДРЖИНИТЕ НА ВЕБ-ПОРТАЛОТ НА ЦРРСМ

Во текот на 2026 година продолжуваме со континуирано креирање нови услуги и, воопшто, содржини на веб-порталот, со цел обезбедување на неопходните информации за нови производи на ЦР преку дистрибутивен систем, но и преработка на веќе постојните содржини, каде што е олеснет начинот на добивање на документите преку надградениот ДС, но и за другите услуги. ОМОЈ продолжува со креирање соодветни содржини, услуги, соопштенија, ажурирање списоци, датотеки и други информативни содржини поврзани со услугите на ЦР, преку Контент менаџмент системот на веб-порталот.

Содржините што се објавуваат на веб-страницата на ЦР произлегуваат директно од потребите на другите ОЕ на ЦР, а ОМОЈ е во директна комуникација со сите ОЕ што имаат потреба од администрирање на содржините што покриваат услуги од соодветната ОЕ.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Со оглед на порастот на користење електронски услуги, оваа потреба е секојдневна, активностите задолжително се одвиваат под исклучителна внимателност, концентрација и посветеност. Тоа опфаќа внимателно ажурирање на обрасците, тарифата, превод и други детали од информативна содржина, кои се од суштинско значење за институцијата.

Во рамки на ОМОЈ во текот на 2026 година ќе продолжат да се креираат информативни содржини за услугите на самата институција и на мрежата „Линкдин", каде што, покрај на „Фејсбук", ЦР има свој профил и страница.

Централен регистар има свои профили и страници на овие две социјални мрежи, процената е дека деловната заедница, професионалните (најфреквентните) корисници и сите други што имаат потреба од услугите на Централен регистар се информираат од овие две социјални мрежи.

**Очекувани влијанија**: навремено ажуриран веб-портал и социјални мрежи и добро информирана јавност за ЦР.

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОМОЈ/КД

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.3. КОРИСНИЧКА ПОМОШ ЗА ЦМК/SSO

ОМОЈ и во текот на 2026 година продолжува со интензивно давање техничка помош за корисниците што креираат кориснички налози, но и помош при извесни промени или потреба од асистенција при најавување за веќе постојни корисници.

Одделението е вклучено и во проектот за надградба на овој систем, односно корисниците ќе имаат надграден систем за креирање кориснички профили со интеграција и на e-ID и OneID, односно корисниците ќе користат автентикација преку Министерство за дигитална трансформација и КИБС.

**Очекувани влијанија**: услужени и задоволни корисници.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси за тековна администрација, предвидени средства за проект за надградба

**Надлежност:** ОМОЈ/СИТ

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.4. СПРОВЕДУВАЊЕ ИСТРАЖУВАЊЕ МЕЃУ ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ

ОМОЈ продолжува со истражување на потребите на целните групи со цел подобрување и надградба на постојните, при што ќе се земе предвид повратна информација од корисниците на услугите за новите производи и услуги да бидат и да одговараат на нивните потреби и да бидат соодветно приспособени врз база на корисничко искуство.

При мерење на задоволството на корисниците и анализа на податоците, ќе се стави акцент на мислењето на специфични и конкретизирани целни групи поврзани со услугите на ЦР по пат на истражување.

Исто така, како и секоја година, ќе се земат предвид сите сугестии и предлози од страна на корисниците за континуирано подобрување на системот за маркетинг и односи со јавноста, како и процесот на давање на сите услуги од страна на Централен регистар.

**Очекувани влијанија:** квалитетна анализа за потребите на корисниците.

**Приоритет:** среден

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОМОЈ/КД

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.5. УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, КРЕИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НОВИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

Во текот на 2026 година одделението ќе биде вклучено во интерсекторски работни групи за реализација, пуштање во продукција и промоција на нови производи и услуги со цел придонесување кон развој на соодветно корисничко искуство и доближување на новите производи и услуги до целните групи.

Дел од новите производи на ДС се пуштени во продукција и се достапни за јавноста. Во 2026 година се очекува да бидат пуштени во продукција и достапни за користење од страна на јавноста и производите во ДС што останаа за пуштање во продукција за крајните корисници. Овие производи, како веќе тестирани и подготвени, можат да бидат поставени во продукција по одобрување од страна на секторот за водење регистри.

Одделението директно ќе учествува во комуникација со сите вклучени страни во проектите со цел успешна координираност при работните посети, состаноци и работилници и организирање обуки за заинтересираните страни.

И во текот на 2026 година ќе биде зголемен интензитетот на работа поврзана со оваа активност, со оглед на фактот дека ќе бидат потребни промоција и обуки за новите потврди што се дел од новиот надграден систем за електронско издавање потврди.

**Очекувани влијанија**: квалитетна соработка и успешна реализација на проектите и на активностите.

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** ЦР

**Надлежност:** ОМОЈ во координација со другите ОЕ

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.6. СЛЕДЕЊЕ НА БАРАЊАТА ПРИСТИГНАТИ ПРЕКУ КОНТАКТ-ФОРМАТА И ГРУПИТЕ НА Е-ПОШТА ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЦР

ОМОЈ, во соработка со одделението за техничка помош и другите надлежни ОЕ, и понатаму ќе дава детални одговори во најкус можен рок на секојдневните прашања од страна на странките упатени преку контакт-формата, телефонски или преку електронска пошта.

Односно, секое барање и прашање адресирано на групните адреси на е-пошта на Централен регистар ќе биде точно и навремено одговорено, во согласност со стратегијата за надворешна комуникација и во соработка со одделението за техничка помош.

**Очекувани влијанија:** задоволни корисници

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОМОЈ

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.7. АДМИНИСТРИРАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ИНТЕРНЕТ ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ

ОМОЈ и во текот на 2026 година ќе продолжи континуирано да спроведува низа активности со цел остварување успешна реализација и функционирање на дистрибутивниот систем, кој како дел од електронските услуги што ги нуди ЦР паралелно функционира и обезбедува брз и едноставен пристап до одреден број информации:

• Техничка помош и поддршка на регистрирани корисници

Секојдневната комуникација со корисниците придонесува за нивно навремено информирање за евентуални измени во функционалностите на системите, како и за начинот на користење на системите. Дополнително, грижата за корисниците на дистрибутивниот систем опфаќа обука за користење на системот за новите корисници, решавање тековни пријавени проблеми и неправилности, испраќање корисни информации по електронски пат, навремено додавање на уплатените

средства на салдото на корисниците, давање инструкции при креирање кориснички налог и барање за пристап во апликацијата, помош при најавување во системот, како и насоки при добивањето нарачани производи и креирање кориснички пакети.

• Склучување нови договори за користење на дистрибутивниот систем

Со примена на алатки за комуникација и со вкрстена промоција, проактивно ќе се презентираат придобивките од системот на потенцијални корисници од разни целни групи со цел бројот на регистрирани корисници и склучени договори да се зголеми и да биде постојано во нагорна линија земајќи го предвид фактот дека придобивки од ДС имаат самите корисници на потврди од Централен регистар.

• Предлози за надградба на системот и на производите

Како резултат на тоа што ОМОЈ е во постојан контакт директно со корисниците на системите и следејќи ги нивните потреби, ќе нуди предлози за надградба на производи што се користат преку системот, ќе дава предлози за подобрување на корисничкото искуство и/или модификување на системите. По спроведувањето на анкетите, произлегува листа на сугестии и на предлози од корисниците за креирање нови производи и надградба на веќе постојните. За нив треба да се направи анализа во соработка со другите ОЕ, дали постојат законски пречки за спроведување.

• Спроведување кампањи за промоција на системите;

- Во текот на 2026 година ОМОЈ ќе врши интензивна промоција на дистрибутивниот систем и на системот преку организирање промотивни вебинари и средби со целни групи корисници со цел запознавање определени целни групи со поволностите, брзината, едноставноста, квалитетот на услугата и ажурноста на добиените податоци при користење на двата система, а доколку се утврди потреба ќе се изработи промотивен и едукативен материјал поединечно за секој систем и за секој нов производ;
- ОМОЈ и во текот на 2026 година ќе продолжи со организирање промотивни состаноци за информирање на јавноста, ќе ги издели корисничките групи, ќе состави листа на „Прашања и одговори“ и ќе изработува информации, соопштенија и информативни содржини за веб-порталот и за социјалните мрежи;
- Следење на спроведувањето на процедурата за ИДС;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- Спроведување прашалник за испитување на задоволството на регистрираните корисници на ИДС;
- Следење на упатството за рекламации од корисниците на ИДС;

**Очекувани влијанија**: задоволни корисници

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОМОЈ/СИТ

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.8. ПРОМОЦИЈА НА НОВИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

Во текот на 2026 година ОМОЈ ќе спроведува редовни презентации за новите производи што ќе бидат пуштени за крајни корисници тековно, постепено, на новиот Интернет дистрибутивен систем.

Во согласност со претходно направен план и закажани состаноци со големи и други постојни и потенцијални корисници, ОМОЈ ќе ги спроведува промотивните состаноци нагласувајќи ги придобивките и поволностите од добивање улога на професионален корисник на дистрибутивниот систем, користење на следењето на промените како услуги, можностите за најава и регистрација на налог преку шема на идентификација.

**Очекувани влијанија**: навремено информирање на јавноста за новостите

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОМОЈ во координација со другите ОЕ

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.9. ПУБЛИКАЦИИ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Како резултат на досегашната заемна соработка со „Еуробизнис центар“, ОМОЈ и во 2026 година ќе изработува материјали (обраќање на директорката) за публикацијата „200 најголеми и најуспешни фирми во Македонија“, како и обраќања за други настани во кои ќе учествува Централен регистар.

**Очекувани влијанија:** квалитетна публикација на најуспешните

**Приоритет:** среден

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОМОЈ/одделение за годишни сметки

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.10. КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИ

Следејќи ја стратегијата за комуникација и односи со јавноста на ЦР, но и во согласност со основните принципи и начела на комуникацијата, кои досега се покажаа како клучен фактор во одржувањето позитивен углед на институцијата, ЦР е секогаш транспарентен и достапен за медиумите. Од таа причина, ОМОЈ и во текот на 2026 година ќе продолжи да одржува редовна и коректна комуникација со електронските и пишани медиуми и навремено ќе одговара на секое прашање на најпрецизен начин и во најкус можен временски рок. Со ваква практика ќе се заварди досегашниот однос на доверба, поддршка и на соработка со претставниците на медиумите.

**Очекувани влијанија:** одржување на високото ново на соработка со медиумите, како важен канал за комуникација со јавноста и одржување на добрата репутација на ЦР.
**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОМОЈ/кабинет на директорот

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.11. КЛИПИНГ СЕРВИС

Во текот на 2026 година ОМОЈ ќе продолжи да врши клипинг- следење и анализа на медиумите – дневно, неделно, со цел да биде во тек со сите информации што се пласираат во јавноста, а во кои е засегнат Централниот регистар.

**Очекувани влијанија**: редовно следење на пласираните информации за ЦР во јавноста.

**Приоритет:** среден

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** ОМОЈ

**Временска рамка:** континуирано во текот на 2026 година

## 4.12. УЧЕСТВО ВО ДРУГИ ПРОЕКТИ

ОМОЈ и во текот на 2026 година ќе продолжи да биде дел од реализација на секојдневни активности што се во рамки на проекти поврзани со корисниците на услугите. Односно, ќе учествува во процесите на тестирање, давање совети за подобрување на корисничко искуство и на информирање за него.

Ќе ставиме акцент на засилување на степенот на информираност за новите услуги и производи преку системите на ЦР. Одделението ќе биде вклучено и во проектите што ќе бидат дел од развојната стратегија на ЦР.

**Очекувани влијанија:** комплетирање на проектите со информирање на корисниците за новостите и можностите.

**Приоритет:** висок

**Извори на средства:** сопствени ресурси, ресурси во согласност со планираните проекти

**Надлежност:** ОМОЈ/други ОЕ/СИТ

**Временска рамка:** 2026 година

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

## 4.13. ОРГАНИЗИРАЊЕ НАСТАН – ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЈУБИЛЕЈ – 25 ГОДИНИ ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Во последниот квартал од 2026 година, ЦР ќе одбележи јубилеј, 25 години од своето постоење.

Во таа насока, планиран е настан, кој ќе вклучува корпоративна работилница и средба со соработници од земјата и надвор од неа.

**Очекувани влијанија:** порака за јавноста за нивото на достигнување на ЦР од областа на техничките решенија за бизнисот и за граѓаните во Македонија.

**Приоритет:** среден

**Извори на средства:** сопствени ресурси, ресурси во согласност со планираните проекти

**Надлежност:** ОМОЈ/други ОЕ/СИТ

**Временска рамка:** 2026 година

# 5. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

## 5.1. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Секторот за информатичка технологија е составен од следниве одделенија:

- одделение за информатичка инфраструктура;
- одделение за развој на информатички системи;
- одделение за поддршка на регистарски и на деловно-процесни системи, е-услуги и корисници и
- одговорно лице за безбедност на информатички систем.

## 5.2. ОБНОВУВАЊЕ УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА, ЛИЦЕНЦИ ЗА УРЕДИ И СОФТВЕРСКИ РЕШЕНИЈА

**Образложение на активноста/проектот:**

Обновување услуги за поддршка – управување компјутерска безбедност - Q-radar

**Очекувани влијанија од активноста/ проектот:**

Користење најнови верзии и најнови функционалности на софтверските решенија и интегрираните модули, како и помош од производителот при евентуални проблеми/инциденти.

Непречено функционирање на постојните системи за интегрирано управување на безбедноста на компјутерските системи (IBM Security QRadar 2100 SIEM - Security Incident Event Management и IBM Security Qradar Risk Manager), кои се поставени и функционираат на виртуелна околина и услуга за користење на постојниот додаток QRadar Advisor with Watson, со цел интегрирано управување на безбедноста на компјутерските системи на Централниот регистар, која треба да биде на очекувано ниво.

**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** сопствени ресурси
**Надлежност:** ЦР
**Временска рамка:** 07/2026 година

## 5.3. НАБАВКА НА СОФТВЕРСКИ ЛИЦЕНЦИ И КОМПОНЕНТИ

**Образложение:**

Обновување лиценци за одржување и поддршка на софтверското решение за управување ИТ-процеси, за валидација на адресите на е-пошта (се користи во сите

софтверски решенија), сертификати за системите, софтвер за автоматско испраќање е-пораки, лиценци за „Мајкрософт“ и компонента за скенирање во веб-апликации компатибилна со сите прелистувачи.

(Постојните лиценци, софтвери, сертификати истекуваат во различен временски период во текот на годината.)

**Очекувани влијанија од активноста/проектот:**

Овозможување континуирано користење на потребните услуги – софтверски компоненти и решенија, можност за користење понови верзии, поддршка од производителот при евентуални проблеми/инциденти, како и трајно и привремено користење софтверски производи на „Мајкрософт“, како и овозможување безбедно користење современи прелистувачи, подобрување на функционалноста за корисниците.

**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** ЦР
**Надлежност:** ЦР
**Временска рамка:** 2026 година

## 5.4. ВРЕМЕНСКИ ПЕЧАТ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИШАНИ ДОКУМЕНТИ

**Образложение на активноста/проектот:**

Набавка на услуга за издавање временски жиг со цел негово вградување во електронски потпишани документи, кои ги издава Централен регистар на Република Северна Македонија.

**Очекувани влијанија од активноста/проектот:**

Вградувањето временски жиг во електронски потпишани документи, кои Централен регистар на Република Северна Македонија ги издава во согласност со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги со

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

сертифицирано точно време на потпис обезбедува доказ и интегритет на податоците во електронски документ, односно правен доказ дека содржината на електронскиот запис постоела во точно одредено време и не е променета од тој момент.

**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** ЦР
**Надлежност:** ЦР
**Временска рамка:** 2/2026 година

## 5.5. БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ СИСТЕМИ

**Образложение на активноста/проектот:**

Одржување високо ниво на безбедност на информациските системи преку редовен мониторинг и интервенирање на слабостите во системите на Централен регистар со помош на софтверското решение за заштита од малициозни софтверски програми, софтверско решение за Vulnerability - скенирање за ранливоста, пенетрациско тестирање на безбедноста на информациските системи.

Обезбедување систем за безбедност на електронската пошта бидејќи на постојниот систем му истекува животниот век, како и систем за безбедно чување резервни копии од системи и податоци (на кој не може да му се пристапи од мрежа – електронски или далечински) со вградена функционалност за автоматско препознавање уценувачки ransomware кибернетички напад со решение за заштита од кибернетички напади

**Очекувани влијанија од активноста/проектот:**

Зголемување на нивото на безбедност и на отпорност на системите преку континуирани активности за редовен мониторинг, пенетрациско тестирање и интервенирање на слабостите на постојните, нивните надградби, а особено новите информатички системи, вклучително и заштита од малициозни софтверски програми како дел од исполнувањето на барањата на ИСО27001 – информациска безбедност.

Овозможување деловен континуитет при успешен уценувачки ransomwareкиберетички напад.
Овозможување безбедност на електронската пошта на исто или подобро ниво како и досега.

**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** ЦР
**Надлежност:** ЦР
**Временска рамка:** 12/2026 година

## 5.6. КОМПЈУТЕРСКА, МРЕЖНА И ПЕРИФЕРНА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА – МУЛТИФУНКЦИОНАЛНИ УРЕДИ И СКЕНЕРИ

**Образложение на активноста/проектот:**

Обезбедување нова компјутерска опрема (Thin клиенти и друга придружна опрема (монитори, ИП-телефони, тастатури, глувци)) бидејќи постојните thin клиенти се со изминат животен век и треба да се заменат, а дополнително да се обезбеди и доволна количина за нововработени.

Обезбедување мрежна опрема за канцеларии, мрежна опрема за примарен податочен центар и безжична мрежна опрема за Централа бидејќи мрежната опрема во канцелариите е со изминат животен век и со истечена гаранција и поддршка од производителот.

Обезбедување нова компјутерска опрема – мултифункционален уреди и скенери бидејќи постојните уреди се амортизирани, трошоците за поправка се високи и неисплатливи. Сето тоа влијае на квалитетот и на навременоста на услугите (печатење на излезните документи).

**Очекувани влијанија од активноста/проектот:**

Квалитетни и навремени на услуги – дигитализација и излезни документи, непречено функционирање на сите вработени – со мрежен пристап и зголемена безбедност преку нови уреди со поддршка од производителот и целосно а имплементација контрола на мрежен пристап, повисока достапност на системот, подобра отпорност од безбедносни киберетички напади, како и овозможување безжичен пристап, зголемена мрежна покриеност и мобилност на вработените, овозможување безжичен пристап до интернет и за соработници и клиенти, како и повисока енергетска ефикасност.

**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** ЦР
**Надлежност:** ЦР
**Временска рамка:** 2026 година

## 5.7. НАДГРАДБА НА ИНФОРМАТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

**Образложение на активноста/проектот:**

Обезбедување гаранција/поддршка за критичната опрема во системските сали на Централен регистар, преку серверска инфраструктура и опрема за прецизна климатизација од следниве причини:
Серверите во секундарниот податочен центар се без гаранција и со изминат животен век, без поддршка од производителот, додека на серверите во примарниот податочен центар за десктоп виртуелизација им истекува гаранцијата во 2026 година, па треба да се набават нови сервери во примарниот податочен центар за декстоп виртуелизација.
Постојните уреди - внатрешен и надворешен уред за климатизација во Скопје, се без гаранција и со изминат животен век и не постои систем за мониторинг и за автоматско јавување.
За дел од критичната опрема во податочните центри гарантниот рок/поддршката истекува во 2026 година, што оневозможува поддршка од производителите за понови верзии на OS, FW, безбедносни закрпи и поддршка при дефекти/инциденти, па

постои ризик за нефункционирање или немање можност да се отстранат сложени дефекти или безбедносни пропусти.

**Очекувани влијанија од активноста/проектот:**

Ќе се овозможи посигурна и безбедна серверска инфраструктура, како основа за функционирање на системите на ЦР, како и хардверска и софтверска поддршка од производителите на критичната опрема во системските сали, што ќе овозможи повисока достапност на услугите и побрзо и навремено отстранување сложени дефекти или безбедносни пропусти, додека со опремата за прецизна климатизација ќе се обезбедат неопходни соодветни услови за правилно функционирање на опремата во податочниот центар.

**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** ЦР
**Надлежност:** ЦР
**Временска рамка:** 2026 година

## 5.8. РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ, ПОПРАВКА И ПОДДРШКА НА ИНФОРМАТИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА, СИСТЕМИТЕ ЗА НАПОЈУВАЊЕ И КЛИМАТИЗАЦИЈА, ПРОТИВПОЖАРНИТЕ СИСТЕМИ ЗА СИСТЕМСКИТЕ САЛИ

**Образложение на активноста/проектот:**

Редовното одржување се спроведува на определен временски период заради обезбедување континуирано функционирање на системите.

**Очекувани влијанија од активноста/ проектот:**

Обезбедување непречено функционирање на информатичките системи на Централниот регистар, кои се сочинети од информатичка инфраструктура – опрема што е предмет на превентивно одржување, поправка и поддршка, што е од суштинско значење за одвивање на основната дејност на институцијата, обезбедување

континуирано функционирање на системите за напојување и климатизација на систем салите и климатизација на канцелариите, односно заради непречено функционирање на информатичките системи на Централниот регистар, како и за одржување соодветни работни услови – температура во канцелариите, што е од суштинско значење за одвивање на основната дејност на институцијата, безбедно и непречено одвивање на тековното работење на Централниот регистар.

**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** ЦР
**Надлежност:** ЦР
**Временска рамка:** континуирано

## 5.9. НАДГРАДБА НА ПОСТОЈНИТЕ И РАЗВОЈ НА НОВИ СОФТВЕРСКИ РЕШЕНИЈА

**Образложение на активноста/проектот:**

Континуирана надградба на постојните софтверски решенија во согласност со потребите од постигнување оптимум и нови услуги, интеграција со други системи, развој на нови сервиси и приспособување со нови сервиси од други институции на националната платформа за интероперабилност.
Активно учество во воспоставување и имплементација на тековни и нови проекти: интегриран информациски систем за планирање ресурси, систем за управување документи и за човечки ресурси (ERP, DMS и HR информационен систем), воспоставување единствен регистар на сметки, воспоставување интегрирано софтверско решение за дигитализација.

**Очекувани влијанија од активноста/ проектот:**

Проширување на електронските услуги што се нудат на едношалтерски принцип, забрзување и поедноставување на процесите на поднесување пријави за упис, повисок квалитет на податоците што се евидентираат во трговскиот регистар и регистар на други правни лица, посебно со Законот за електронско управување и

електронски услуги, Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност и Законот за централен регистар на население. Исто така, ќе се постигне намалување на административниот товар на субјектите на упис во делот на обезбедување потврди од други институции, намалување на административната работа кај другите институции преку дигитализација и автоматизација на процесите за генерирање потврди/уверенија, зголемен квалитет на податоците за физичките лица актери во субјектите на упис, кои се веќе евидентирани во централниот регистар на население, како и зголемено задоволство на корисниците.

Подобрување, автоматизирање и олеснување на работењето на вработените со апликациите за регистрација и издавање податоци од регистрите.

Дополнително, со воспоставување интегрирано софтверско решение за дигитализација, интелигентна обработка и управување документи ќе се овозможи автоматизирана конверзија на постојните скенирани документи во пребарувачки (searchable) датотеки, електронски потпис и временски печат (timestamp) на конвертираните документи, со што ќе се обезбеди нивна автентичност и интегритет.

**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** сопствени ресурси
**Надлежност:** СИТ и надлежни ОЕ
**Временска рамка:** 2026 година

## 6. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ И ПРАВНИ РАБОТИ ЗА 2026 ГОДИНА

Секторот за економски и правни работи (СЕПР) има клучна стратешка и оперативна улога во поддршката на целото работење на Централен регистар. Преку ефикасна координација и управување на клучните административни, финансиски и правни процеси, СЕПР овозможува континуирано и усогласено функционирање на институцијата со давање отчет.

Во рамки на своето дејствување, секторот е одговорен за:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- управување на системот за плати;
- изработка и следење на финансискиот план и подготовка на редовни извештаи за финансиското работење;
- изработување и реализација на годишниот план за јавни набавки;
- спроведување внатрешна контрола во делот на финансиското управување;
- изработка и ревизија на правни акти, договори и на други документи;
- следење на соодветни законски промени и обезбедување усогласеност со нив;
- секторот за економски и правни работи (СЕПР) има стратешка и оперативна улога во поддршката на целото работење на Централниот регистар. Преку ефикасна координација и управување на клучните административни и правни процеси, СЕПР овозможува континуирано и усогласено функционирање на институцијата;
- спроведување внатрешна контрола во делот на финансиското управување;
- управување на возниот парк и координација на логистичките потреби;
- организирање и унапредување на архивското работење;
- соработка со регионалните регистрациони канцеларии (РРК) и регистрациони канцеларии (РК).

И во текот на 2026 година одделенијата во рамките на СЕПР ќе продолжат со редовно, навремено и квалитетно извршување на сите предвидени активности. Акцент ќе биде ставен на унапредување на интерните процеси, транспарентноста и на оперативната ефикасност во согласност со стратешките цели на Централниот регистар со цел обезбедување правна сигурност, фискална дисциплина и административна поддршка на другите сектори и одделенија.

## 6.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКО-СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ – ОФСР

Одделението за финансиско-сметководствени работи (ОФСР) има клучна улога во обезбедувањето финансиска стабилност, транспарентност и отчет на Централен регистар. Во рамките на своите надлежности, одделението на дневно ниво спроведува широк спектар активности, меѓу кои:

- прием, преглед и обработка на финансиска документација: фактури, сметки, патни налози, барања за поврат и придружна документација;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- контирање и книжење сметководствена документација во главната книга;
- обработка на денарски и девизни изводи;
- водење евиденција за боледувања и одбитоци од плата (телефони, кредити, административни забрани и сл.);
- евиденција и материјално управување и ситен инвентар (изработка на приемници, испратници и на реверси).

На месечно ниво, ОФСР изработува прегледи и извештаи за приходите и трошоците што ги остварува Централен регистар.

Врз основа на податоци доставени од секторите и независните одделенија, како и конечните извештаи од одделението за човечки ресурси, се врши пресметка и исплата на плати и надоместоци. Платата се исплаќа еднаш месечно, најдоцна до 5 во месецот, во согласност со колективниот договор на ЦР, а листите за исплата се доставуваат веднаш по исплатата.

Во текот на 2026 година се очекува значително унапредување на работењето преку воведување на новото софтверско решение за планирање ресурси (интегриран ERP, DMS и HR информациски систем за планирање ресурси, систем за управување документи и за човечки ресурси), кое ќе овозможи:

- целосно следење на финансиските активности;
- подобрено управување благајничко, материјално и магацинско работење;
- следење јавни набавки, договори и набавки без тендер;
- изработка на плата и напредни компоненти за финансиски и аналитички извештаи;
- автоматизација на процесите во ликвидатурата и другите поврзани административни сегменти.

Во согласност со законските обврски, одделението:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- го изработува и доставува тримесечниот извештај ДВ.КВ.ИН до Државниот завод за статистика;
- ја изработува годишната сметка и даночната пријава за 2025 година, со поднесување до 15.3.2026 година;
- по извршената ревизија, поднесува ревизорски извештај до 30.6.2026 година;
- изработува и доставува финансиски план за 2026 година до Владата во предвидениот рок – до 15.1.2026 година.

Во наредниот период, ОФСР ќе продолжи со посветена работа насочена кон зголемување на ефикасноста и на точноста на финансиските процеси, во согласност со стратешките цели на Централен регистар.

**Приоритет и сложеност:** висок приоритет и сложеност
**Надлежност:** СЕПР и ОФСР
**Фискални импликации:** средства на Централен регистар
**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

## 6.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ – ОПР

Одделението за правни работи како одделение во рамките на секторот за економски и правни работи има клучна улога во правната заштита и поддршка на целото работење во Централен регистар. Примарни функции на одделението се:

- правна усогласеност – следење на усогласеноста преку редовно прегледување на документацијата на сите одделенија со цел нејзино придржување до релевантните законски прописи;
- поддршка и советодавна улога – давање правни насоки за различни прашања како што се договори, усогласеност со правната регулатива, решавање

спорови, внатрешна политика и процедури за усогласеност со важечките закони и прописи;

- база на податоци за договори, подготвување и управување договори, следење на документацијата – централизиран систем за складирање, следење и управување на сите договори, следење случаи, соработка со документи и следење на усогласеноста;
- судски спорови и решавање спорови – надзор над судските спорови, следење и управување на сите тековни и потенцијални случаи, работење со надворешен бранител по потреба, алтернативно решавање спорови преку промовирање и советување на механизмите за вонпарнично решавање спорови;
- обука и развој – правно образование на вработените преку спроведување обуки за подигнување на свеста за клучните правни прашања. Континуиран професионален развој на одделението за правни работи за релевантните правни трендови, промени на законите и на најдобрата практика;
- документација и водење евиденција – изработка и преглед на документација, водење евиденција за поголемите деловни одлуки, договори;
- соработка со раководството и службите – координација преку редовна комуникација за разбирање на потребите и обезбедување навремена правна поддршка. Проактивно вклучување во стратешките иницијативи на институцијата за предвидување на правите проблеми од самиот почеток. Правни совети на раководството преку помагање донесување одлуки со намалување на правната изложеност;
- континуирано подобрување – континуирано оценување и подобрување на внатрешните правни процеси заради зголемување на ефикасноста на услугите, намалување на тесните грла, како и идентификување на областите за подобрување.

**Приоритет и сложеност:** висок приоритет и сложеност
**Надлежност:** СЕПР и ОПР

**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

## 6.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ – ОЈН

Спроведувањето на постапките за јавните набавки претставува клучен дел од обезбедувањето навремено, ефикасно и законски усогласено функционирање на Централен регистар. Во согласност со законската обврска, годишниот план за јавни набавки за тековната година ќе биде објавен најдоцна до крајот на јануари 2026 година и се очекува да опфати 80 постапки за спроведување јавни набавки.

Во зависност од проценетата вредност и од карактерот на набавката, одделението за јавни набавки ги спроведува следниве видови постапки:

- набавка од мала вредност;
- поедноставена отворена постапка;
- отворена постапка;
- постапка со преговарање без објавување оглас;
- набавки на посебни услуги.

Изборот на соодветна постапка се базира не само на проценетата вредност, туку и на минималните технички и административни услови со цел да се обезбеди најповолна понуда, која овозможува економично, ефикасно и ефективно користење на средствата во согласност со целите на Централен регистар.

Во насока на унапредување на транспарентноста и проверката на пазарот, одделението ќе настојува, каде што е применливо, пред објавување на огласот да ја користи законски предвидената можност за технички дијалог со економските оператори. Ќе се настојува при изборот, дефинирањето и примената на условите во тендерската документација да се обезбеди колку што е можно поголема конкуренција, односно учество на поголем број способни економски оператори што

ќе можат да ги задоволат потребите на Централен регистар и да придонесат за зголемување на задоволството на неговите крајни корисници од услугите што ги нуди. Во согласност со последните измени и дополнувања на Законот за јавните набавки, а и во согласност со препораките од соодветни институции, одделението за јавни набавки ќе настојува што помалку да се користи електронската аукција при спроведувањето на постапките за јавни набавки.

**Приоритет и сложеност:** висок приоритет и висока сложеност
**Извори на средства:** средства на Централен регистар
**Надлежност:** ОЈН, СЕПР и надлежните раководители на ОЕ – носители на потребата од јавна набавка
**Временска рамка**: во текот на 2026 година

## 6.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ РАБОТИ И КОМУНИКАЦИЈА СО РРК/РК

Одделението за општи работи и комуникација со РРК и со РК покрива широк спектар логистички задачи, кои се клучни за тековното и ефикасно функционирање на институцијата. Во овој дел се вклучени активности како организирање возен парк (возачи), обезбедување угостителски и хигиенски услуги (кафеготвачи, хигиеничари), како и други административно-логистички обврски.
Во рамките на ова одделение посебно место зазема архивското работење, кое бара посебна стручност и внимание. Континуирано секоја година во ова одделение се посветува особено внимание на:

- правилно водење и користење на електронската архива (е-архива);
- доследна примена на планот за архивски знаци, листата на архивски материјал и листата на документарен материјал;

- водење и контрола на деловодникот, пописот на акти и помошните книги за евиденција на примената и на испратената пошта;
- правилно отворање, заведување и распределба на поштата во деловодникот и во интерните книги.

Во однос на планираните активности за 2026 година, приоритет ќе им се даде на следниве задачи:

- целосно реновирање и опремување на дел од просториите на РРК, кои се во лоша и дотраена состојба и датираат од времето на поранешната СОК банка, во согласност со финансиските средства што се на располагање;
- обновување на возниот парк поради тоа што дел од возилата се стари и нефункционални, а другите возила постојано се сервисираат, што повлекува големи трошоци;
- унапредување на техничката опременост на архивата за побрзо, поефикасно и стандардизирано внесување, како и прецизно пребарување документи во секое време;
- редовна и постојана контрола на работата на сите РРК/РК со цел обезбедување усогласеност и правилно спроведување на работните процеси;
- одржување и заштита на архивскиот и на документарниот простор, вклучително и мерки за заштита од пожар, поплава и од други ризици;

**Приоритет и сложеност:** висок приоритет и висока сложеност

**Извори на средства:** средства на Централен регистар

**Надлежност:** ООРК, СЕПР и надлежни раководители на ОЕ

**Временска рамка:** во текот на 2026 година

## 6.5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

Одделението за внатрешна финансиска контрола врши контрола пред да се изврши плаќање на обврските (со целата придружна документација), како и контрола на извршени финансиски трансакции евидентирани во главната книга. Одделението, исто така, врши следење на реализацијата на усвоениот годишен финансиски план во однос на планираното.

Листата за проверка опфаќа:

- фактури по договор;
- фактури без договор;
- авторско дело;
- враќање погрешно уплатени средства;
- исплата за членови на комисијата за жалби;
- исплата за членови на Управниот одбор;
- исплата по договор за дело;
- исплата отпремнина за пензија;
- исплата регрес за годишен одмор;
- исплата за смртен случај;
- финансиска и хуманитарна помош;
- патни налози во земјата и во странство и
- евидентни листови за редовност.

Одделението врши и контрола по случаен избор дали е контиран документот на соодветна сметка и правилно извршен пренос на документот во главна книга.

**Приоритет**: висок приоритет и висока сложеност

**Извори на средства**: ЦРСРМ

**Надлежност**: ОВФК

**Временска рамка**: континуирано во 2026 година

## 6.7. ПРОЕКТНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО

Донесувањето деловни одлуки за имплементација на проекти што произлегуваат од развојните стратегии и деловните планови е од суштинска важност за развојот на институцијата. Во Централен регистар е воспоставено проектно-координативно тело што ги следи реализацијата и исполнетоста на утврдените цели на проектите.

**Очекувани влијанија**: да се воспостави дисциплина на планирање, организирање и управување на ресурсите што придонесува за ефикасно водење и реализација на проектите и на проектните активности и цели. Преку комуникација на проектните менаџери со координаторот на ПКТ, директорот на ЦР е информиран за динамиката, текот на проектот, факторите на ризик, со цел навремено и квалитетно завршување на проектот.

**Приоритет и сложеност**: висок приоритет и висока сложеност
**Надлежност**: координатор на ПКТ, проектни менаџери и надлежни ОЕ
**Временска рамка**: континуирано во 2026 година

# 7. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА 2026 ГОДИНА

## 7.1. Планирани активности на Одделението за човечки ресурси за 2026 година

Со стапување на сила на статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централниот регистар број 0201-5/49 од 24.6.2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 144/2025 година), Централниот регистар својата дејност ќе ја извршува преку организациска мрежа на 28 канцеларии

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

од кои 13 регионални регистрациони канцеларии и 15 регистрациони канцеларии распоредени во речиси сите градови во републиката.

Заклучно со 31.12.2025 година во Централниот регистар има вкупно 347 вработени од кои 49 на определено време и на кои заклучно со 31.12.2025 година им престанува работниот однос. Потребно е да се истакне дека во остварувањето на основната дејност на Централниот регистар, покрај редовно вработените учествуваат и вработени од НБРМ за кои Централниот регистар до декември 2021 година плаќаше за материјални и режиски трошоци 8,911 % и за плати 8,314 % во согласност со Договор број 73 од 5.1.2006 година, Анекс-договор број 770/1 од 1.2.2011 година и Анекс-договор број 770/2 од 20.12.2011 година.

## 7.2 КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ВО 2025 ГОДИНА

| РРК/РК | ВСП | ВШП | ССП | Осн. обр. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Централа и Скопје | 111 | 2 | 45 | 3 | 161 |
| РРК Битола | 4 | 0 | 4 | 0 | 8 |
| РРК Кочани | 5 | 0 | 5 | 0 | 10 |
| РРК Куманово | 14 | 0 | 6 | 0 | 20 |
| РРК Охрид | 11 | 0 | 7 | 0 | 18 |
| РРК Прилеп | 5 | 0 | 4 | 0 | 9 |
| РРК Струмица | 8 | 0 | 4 | 0 | 12 |
| РРК Штип | 5 | 0 | 5 | 1 | 11 |
| РРК Тетово | 11 | 0 | 7 | 0 | 18 |
| РРК Велес | 8 | 0 | 2 | 0 | 10 |
| РРК Гостивар | 13 | 0 | 2 | 0 | 15 |
| РРК Гевгелија | 4 | 0 | 2 | 0 | 6 |
| ВКУПНО: | 199 | 2 | 93 | 4 | 298 |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk




При разгледувањето на приказот за квалификациската структура на вработените во ЦР може да се заклучи дека заклучно со 1.12.2025 година во Централниот регистар на РСМ се вработени вкупно 298 луѓе.

Квалификациската структура на вкупниот број вработените е следнава:
- 199 вработен се со висока стручна подготовка или 67 % од вкупниот број вработени;
- 2 вработени се со виша стручна подготовка или 1 % од вкупниот број вработени;
- 93 вработени се со средна стручна подготовка или 31 % од вкупниот број вработени и
- 4 вработени се со основно образование или 1 % од вкупниот број вработени.

Тенденцијата на ЦР во иднина е подобрување на постојната квалификациска структура на вработените во институцијата, како и вработување високостручни кадри.

## 7.3 ВОЗРАСНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ВО 2025 ГОДИНА

| | РРК и РК | до 29 | од 30 до 39 | од 40 до 49 | од 50 до 59 | 60 и повеќе | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Централа и Скопје | 5 | 30 | 66 | 43 | 17 | 161 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | РРК Битола | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 | 8 |
| 3 | РРК Кочани | 0 | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| 4 | РРК Куманово | 0 | 4 | 10 | 3 | 3 | 20 |
| 5 | РРК Охрид | 0 | 5 | 4 | 5 | 4 | 18 |
| 6 | РРК Прилеп | 0 | 2 | 2 | 5 | 0 | 9 |
| 7 | РРК Струмица | 1 | 1 | 7 | 2 | 1 | 12 |
| 8 | РРК Штип | 0 | 1 | 5 | 4 | 1 | 11 |
| 9 | РРК Тетово | 1 | 4 | 9 | 3 | 1 | 18 |
| 10 | РРК Велес | 0 | 3 | 5 | 2 | 0 | 10 |
| 11 | РРК Гостивар | 0 | 5 | 5 | 4 | 1 | 15 |
| 12 | РРК Гевгелија | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 6 |
| | ВКУПНО: | 7 | 58 | 123 | 80 | 30 | 298 |




Возрасната структура на вкупниот број на вработените во ЦР е следнава:

- 7 вработени се до 29 години возраст или 2 % од вкупниот број вработени;

- 58 вработени се од 30 до 39 години возраст или 22 % од вкупниот број вработени;

- 123 вработени се од 40 до 49 години возраст или 38 % од вкупниот број вработени;

- 80 вработени се од 50 до 59 години возраст или 26 % од вкупниот број вработени;

- 30 вработени се повозрасни од 60 години или 12 % од вкупниот број вработени.

Централниот регистар е насочен во инвестирање и засилување на кадровскиот потенцијал, а имајќи предвид дека вработените се највредниот капитал со кој располага, планирано е зголемување на човечкиот капацитет преку нови вработувања. Засилување на капацитетите на човечкиот капитал на институцијата како основен предуслов за нејзина трансформација во сервисно ориентирана организација.

## 7.4. РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КАДРИТЕ

**Образложение:** Стратешка определба на високото раководство на Централниот регистар е дека и натаму ќе вложува во унапредување и засилување на компетенциите на највредниот капитал на институцијата – своите вработени. Потребата од инвестирање во надградба на кадровскиот потенцијал на институцијата, во вид на обуки, посета на семинари и друго стручно усовршување на вработените е најзначајна во процесот на обезбедување квалитетна и навремена услуга на крајните корисници. За таа цел редовно се планираат и организираат обуки, општи и специјализирани обуки, како и други облици (семинари, конференции и стручни советувања) за здобивање компетенции преку кои се достигнува планираната цел. Со ова ќе се зголеми и мотивираноста и задоволството кај вработените. Во текот на 2025 година од страна на Министерството за јавна администрација беше технички овозможено реализирање на генеричките обуки предвидени во планот за обука на вработените во ЦР.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Во годишниот план за обуки на вработените во ЦР, покрај специјализираните обуки од делокругот на работењето на Централниот регистар, планирани се и обуки за личен развој на вработените и тоа: решавање проблеми, учење и развој, комуникациски вештини, стратегии и иновации, менаџирање промени, креирање и дефинирање политика, евалуација на програми и политика, еднаквост и недискриминација и менторство.

**Очекувани влијанија:** Ефективно следење и соодветна примена на законските прописи, зголемување на ефикасноста на работењето, унапредување на процесите, следење на светските трендови, како и унапредување на личниот развој на сите вработени. Реализација на годишниот план за обуки на вработените, реализација на заклучоците од спроведената функционална анализа, дијагностика на потребите од унапредување на кадрите на ниво на институција и реализација и остварување на годишниот план за обуки, реализација на студиски посети во определени регистри и сл.
**Приоритет:** висок
**Извори на средства:** сопствени ресурси
**Надлежност:** ОЧР и надлежни раководители
**Временска рамка:** континуирано во 2026 година

## 7.5. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СОФТВЕР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

**Образложение:** Во текот на 2026 година се очекува имплементација на софтвер за човечки ресурси во Централен регистар со кој ќе се унапреди работата на одделението за човечки ресурси, како и работата во Централниот регистар воопшто, бидејќи ќе постои електронска база на податоци за сите вработени.

**Очекувани влијанија:** електронски пристап до податоците на сите вработени во ЦР (лични податоци, професионални податоци, стручен развој, движење/ унапредување, генерирање секаков вид извештаи и др.).
**Приоритет:** среден
**Извори на средства:** сопствени ресурси
**Надлежност:** ОЧР
**Временска рамка:** тековно 2026 година

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

## 8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ЗА 2026 ГОДИНА

### 8.1. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА ВО РАМКИ НА МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА, ЕВРОПСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ДЕЛОВНИ РЕГИСТРИ (EBRA), ФОРУМОТ ЗА КОРПОРАТИВНИ РЕГИСТРИ (CRF), МЕЃУНАРОДНАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ АДМИНИСТРАТОРИ (IACA)

Претставници на Централен регистар редовно присуствуваат на конференциите на деловните регистри и работни групи на Европската асоцијација на деловни регистри (EBRA) за Open Data-отворени податоци, PSI and и Company Law законите за трговските друштва, Beneficial Ownership вистински сопственици (BO), Business Registry insights -трговски регистри, како и во глобалната работна група на Форумот за корпоративни регистри (CRF) за вистински сопственици.

- Меѓународна асоцијација на комерцијални администратори (IACA);
- Форум за корпоративни регистри (CRF) и
- Европската асоцијација на деловни регистри (EBRA).

Централен регистар преку свој претставник членува во работна група на ЕБРА (Европската асоцијација на деловни регистри) за изработка на Интернационалниот извештај на деловни регистри. Вредноста на Интернационалниот извештај на деловни регистри е правопропорционална и е директно поврзана со учеството и со брзиот одговор на самите јурисдикции. Неговата намена е во служба на компаниите, националните економии, претпријатијата, но и во функција на сите воспоставени деловни регистри во светот. Претставници на Централниот регистар активно учествуваат и во работната група за законите за трговските друштва Company Law и Public Sector Information- јавниот сектор и активно ги следат случувањата со

Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

европската регулатива и нејзината имплементација, комуницираат со Европската комисија и влијаат на измените и дополнувањата на директивите и на актите што се спроведуваат.

Централен регистар преку негови претставници редовно оди на билатералните скенирања за процесот за влез во ЕУ. Централен регистар е засегнат во следниве поглавја: поглавје 16, Оданочување, поглавје 3, Право на основање и слобода на давање услуги, поглавје 4, Слобода на движење на капитал, поглавје 6, Право на трговски друштва.

Координација и застапување на институцијата на работни состаноци со владини органи, министерства, меѓународни мисии и регистарски организации, во координација со кабинетот на директорот.

Соработка со национални јурисдикции, кои работат во сроден домен.

**Очекувани влијанија:** За Централен регистар учеството на настани од овој тип е од големо значење бидејќи споделените искуства и знаења наоѓаат практична примена во работата и во развојот на истородните институции во регионот и пошироко. Меѓународната соработка со институции придонесува за проширување на знаењата, здобивање нови информации и размена на искуства со другите сродни институции за отворање нови можности за продлабочување на меѓународната соработка и за промоција на земјата пред регионалната стручна јавност.

**Приоритет:** среден

**Извори на средства:** сопствени ресурси

**Надлежност:** кабинет на директор

**Временска рамка:** во текот на 2026 година

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

## 9. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАН ЗА РАБОТА НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ЗА 2026 ГОДИНА

Акцискиот план за планот за работа на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2026 година опфаќа поделеност на активности, месечна динамика за секоја активност обележана со сина боја, извори на средства за секоја активност и одговорна организациска единица. Финансиските импликации од планираните активности се прикажани во финансискиот план на Централен регистар за 2026 година како прилог на планот за работа за 2026 година.

| *Акциски план за реализација на план за 2026 година на Централен регистар* | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *Активност за 2026 година* | *Рок за реализација по месеци во 2026 година* | | | | | | | | | | | | *Извори на средства* | *Надлежна ОЕ* |
| | | *1* | *2* | *3* | *4* | *5* | *6* | *7* | *8* | *9* | *10* | *11* | *12* | | |
| 1. | 2.1. Воспоставување единствен регистар на сметки | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | СВР, ОПРМ, СИТ и надлежни раководители на ОЕ |
| 2. | 2.2. Надградба на едношалтерскиот систем | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | СВР, ОПРМ и надлежни раководители на ОЕ |
| 3. | 2.3. Воспоставување софтверско решение за управување | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | СВР, ОПРМ и надлежни |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | прекршочни постапки и порамнувања за неподнесени годишни сметки | | | | | | | | | | | | | | раководители на ОЕ |
| 4. | 2.4. Интегриран систем за обезбедени побарувања (залог, лизинг, фидуција и продажба) | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | СВР, СИТ и надлежни раководители на ОЕ |
| 5. | 2.5. Надградба на системот на регистарот на вистински сопственици (воспоставување систем на верификација на податоци) | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | СВР, СИТ, ОПР, УФР, МФ |
| 6. | 2.6. Стратешка иницијатива – проект: „Регистар на лиценци и на дозволи | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | СВР, СИТ, ОПР |
| 7. | 3.1.1. Активности за квалитет во согласност со стандард ИСО 9001 | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОПРМ како координатор во соработка со сите организацис |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | ки единици во ЦР |
| 8. | 3.1.2. Активности за заштита на животната средина во согласност со стандардот ИСО 14001 | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР |
| 9. | 3.1.3. Активности за здравје и за безбедност на вработените во согласност со стандардот ИСО 45001 | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | СЛЗБР, ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР |
| 10. | 3.2. Безбедност на информации | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | 3.2.1. Одржување систем за безбедност на информации според барањата на ИСО 27001:2022 | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОПРМ како координатор во соработка со сите организациски единици во ЦР |
| 12. | 3.2.2. Безбедност на деловни информации на ЦР | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | КД, ОПРМ и поедини ОЕ |
| 13. | 3.2.3. Класифицирани информации од ЦР добиени од државни органи | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | Офицер за безбедност и заштита на класифицирани информации во координација со ОПРМ и со надлежни ОЕ |
| 14. | 3.2.4. Унапредување на заштитата на личните податоци во ЦР | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | Офицер за заштита на личните податоци, ОПРМ и надлежни ОЕ |
| 15. | 3.3. Следење и реализација на | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОПРМ |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | планови, цели, проекти | | | | | | | | | | | | | | |
| 16. | 3.4. Управување ризици во ЦР | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОПРМ и надлежни раководители на ОЕ |
| 17. | 3.5. Подобрување на системот за интерна комуникација | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | КД, ОПРМ со надлежни ОЕ |
| 18. | 3.6. Аналитичка обработка на статистички податоци за услугите и за финансиските показатели на ЦР | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОПРМ, СЕПР, СВР во соработка со ОЕ |
| 19. | 4.1. Корпоративни комуникации | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОМОЈ, кабинет на директорот, одделение за општи работи и комуникација со РРК и РК |
| 20. | 4.2. Одржување содржини објавени на веб-порталот на ЦР/одржување на системот за | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОМОЈ/КД |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одржување содржини CMS - Content manager system -– содржини на веб-порталот на ЦРРМ | | | | | | | | | | | | | | |
| 21. | 4.3. Корисничка помош за ЦМК/SSO | | | | | | | | | | | | | сопствен и ресурси | сопствени ресурси за тековна администра ција, предвидени средства за проект за надградба |
| 22. | 4.4. Спроведување истражување меѓу целните групи | | | | | | | | | | | | | сопствен и ресурси | ОМОЈ/СИТ |
| 23. | 4.5. Учество во работни групи за планирање, креирање и имплементација на нови услуги и производи | | | | | | | | | | | | | сопствен и ресурси | ОМОЈ во координациј а со другите ОЕ |
| 24. | 4.6. Следење на барањата пристигнати преку контакт-формата и групите со е-пошта | | | | | | | | | | | | | сопствен и ресурси | ОМОЈ |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | од страна на корисниците на услугите на ЦР | | | | | | | | | | | | | | |
| 25. | 4.7. Администрирање на корисниците на Интернет дистрибутивниот систем | | | | | | | | | | | | | сопствени ресурси | ОМОЈ/СИТ |
| 26. | 4.8. Промоција на нови услуги и производи | | | | | | | | | | | | | сопствени ресурси | ОМОЈ во координација со останатите ОЕ |
| 27. | 4.9. Публикации | | | | | | | | | | | | | сопствени ресурси | ОМОЈ/одделение за годишни сметки |
| 28. | 4.10. Комуникација со медиуми | | | | | | | | | | | | | сопствени ресурси | ОМОЈ/кабинет на директорот |
| 29. | 4.11. Клипинг сСервис | | | | | | | | | | | | | сопствени ресурси | ОМОЈ |
| 30. | 4.12. Учество во други проекти | | | | | | | | | | | | | сопствени и ресурси, ресурси согласно планиран | ОМОЈ/други ОЕ/СИТ |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | и проекти | |
| 31. | 4.13. Организирање настан – одбележување на јубилејот, 25 години Централен регистар | | | | | | | | | | | | | сопствени ресурси, ресурси во согласност со планираните проекти | ОМОЈ/други ОЕ/СИТ |
| 32. | 5.2. Обновување на услугите за поддршка, лиценци за уреди и софтверски решенија | | | | | | | | | | | | | сопствени ресурси | ЦР |
| 33. | 5.3. Набавка на софтверски лиценци и компоненти | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ЦР |
| 34. | 5.4. Временски печат во електронски потпишани документи | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ЦР |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 35. | 5.5. Безбедност на информатичките системи | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ЦР |
| 36. | 5.6. Компјутерска, мрежна и периферна компјутерска опрема – мултифункционални уреди и скенери | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ЦР |
| 37. | 5.7. Надградба на информатичката инфраструктура | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ЦР |
| 38. | 5.8. Редовно одржување, поправка и поддршка на информатичката инфраструктура, системи за напојување и климатизација и противпожарни системи за системските сали | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ЦР |
| 39. | 5.9. Надградба на постојните и развој на нови софтверски решенија | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | СИТ и надлежни ОЕ |
| 40. | 7.5. Имплементација на софтвер за | | | | | | | | | | | | | Сопствени ресурси | ОЧР |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | човечки ресурси во Централен регистар | | | | | | | | | | | | | | |

## 1. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Финансиски план 2026.xlsx

## 2. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР ЗА 2026 ГОДИНА

Годишен план за обуки на Централе